МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

„Превенција на криминалитетот во Република Северна Македонија“

Ментор:
ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

Студент:
АНГЕЛА ДИМИТРОВА
Број на индекс: М207004

Свети Николе, септември 2021

Краток извадок

Превенцијата на криминалот е процес на постојано менување и дополнување. Како што се менува видот на криминалот, така се менува и видот на превенцијата, и со тоа се менуваат, односно се зголемуваат аспектите на проучување. Превентивните мерки се дел од контролата на криминалот, услов за безбедност во заедницата и во општеството, генерално и придонесуваат за намалување на криминалните однесувања. Покрај тоа, превенцијата е дел и составна компонента на криминалната политика на секое општество и е вградена во стратешките планирања и развојот на политиките и програмите за безбедност, внатрешни работи, социјален развој. Оттука, превенцијата може да се разгледува како цел, вредност, програма, мерка, политика, односно резултат на одредени активности преземени од страна на казненоправниот систем, но и од поширокаата заедница и граѓанскиот сектор, воопшто.

Поради тоа, обидот да се објасни самиот поим (како и многу други поими за кои не постои единствена дефиниција) се чини како Сизифовска работа којашто бара разгледување на различни пристапи и аспекти, кои бараат развивање на теории и научни дебати.

Така Ван Дајк (1990) превенцијата на криминал ја дефинира како збир на политики, мерки и техники, надвор од границите на казненоправниот систем која има за цел да ги редуцира различните видови штета причинета од дејствија дефинирани како криминални од страна на државата.

Од друга страна, Грахам смета дека казненоправниот систем има улога во превенција на криминалитетот, особено во превенција на повторното криминално однесување на сторителот кој веќе се „судрил“ со законот (терцијарната превенција).

Фриман (1992) терминот превенција го дели на два конститутивни дела: прогноза и интервенција. Доколку сакаме да спречиме појава на криминал во одредена ситуација или во одреден момент, треба да се направи прогноза која ќе го предвиди неговото појавување. Значи, во реализацијата на превентивните мерки со помош на научните методи треба да се предвиди каде, кога и како се појавува криминалот, и доколку има сознанија за тоа, следниот чекор за таа појава да биде спречена, е успешна интервенција. Она што научните методи го овозможуваат е да се откријат одредени правилности во случувањето на криминалот, и врз основа на спознавањето на тие правилности да се дефинира и самата интервенција.

Клучни зборови: криминал, ситуација, интервенција.

Abstract:

Crime prevention is a process of constant change and addition. As the type of crime changes, so does the type of prevention, and thus the aspects of study change. Preventive measures are part of crime control, a condition of security in the community and society, and generally contribute to reducing criminal behavior. In addition, prevention is a part and integral component of the criminal policy of any society and is embedded in the strategic planning and development of policies and programs for security, home affairs, social development. Hence, prevention can be considered as a goal, value, program, measure, policy, ie the result of certain activities undertaken by the criminal justice system, but also by the wider community and the civil sector in general.

Therefore, trying to explain the term itself (as well as many other terms for which there is no single definition) seems like a Sisyphean work that requires consideration of various approaches and aspects that require the development of theories and scientific debates.

Thus Van Dyke (1990) defines crime prevention as a set of policies, measures and techniques, outside the confines of the criminal justice system that aim to reduce the various types of harm caused by actions defined as criminal by the state.

Graham, on the other hand, believes that the criminal justice system has a role to play in crime prevention, especially in preventing the re-criminal behavior of an offender who has already "clashed" with the law (tertiary prevention).

Freeman (1992) divides the term prevention into two constituent parts: prognosis and intervention. If we want to prevent the occurrence of crime in a certain situation or at a certain moment, a forecast should be made that will predict its occurrence. So, in the realization of preventive measures with the help of scientific methods, it should be foreseen where, when and how the crime occurs, and if there is knowledge about it, the next step to prevent that phenomenon is a successful intervention. What scientific methods enable is to discover certain regularities in the occurrence of crime, and based on the knowledge of those regularities to define the intervention itself.

Keywords: crime, situation, intervention.

Содржина:

I. ВОВЕД……..…….6

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО…….....……...7

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето…….....7

2. Хипотези на истражувањето…….....9

3. Методи на истражување…….....10

4. Оправданост на истражувањето…….....10

III. Превенција на криминалитетот во РС Македонија.....11

3.1. Видови криминалитет во РСМ.....14

3.1.1. Организиран криминал.....15

3.1.2. Насилство кај организираниот криминал.....20

3.1.3. Професионален криминал.....22

3.2. Концептот на криминал „белата јака“.....23

3.3. Перење пари.....23

3.4. Борбата против трговијата со дрога и прекурсори.....24

3.5. Трговија со луѓе.....24

3.6. Екотероризам.....25

3.7. Стратегии за превенција на криминалитетот.....26

3.8. Превенција на криминалитетот која е базирана од заедницата. 29

IV. Улогата на полицијата во превенција на криминалитетот базирана на заедницата и нејзина поставеност.....32

4.1. Закани за безбедноста во заедницата.....34

4.2. Реактивно и проактивно полициско работење и превенција на криминалитетот..37

4.3. Криминологија на околината и нејзиното влијание врз полициската работа.....39

V. Карактеристиките на полицијата во нашата земја.....47

5.1. Полицијата како државен орган.....49

5.2. Полициска организација.....50

5.3. Влијание на организацијата на полицијата врз полициското работење – нов модел на работа бара нова организација.....51
5.4. Реформите на полицијата на РСМ.....52

VI. Состојбата со пријавениот конвенционален криминал во РСМ.....54
6.1. Состојбата со осудени лица и со изречени кривични санкции во Република Северна Македонија..... 55
6.2. Пријавениот и евидентиран криминал од страна на полицијата.....57
6.3. Кое е значењето и за што служат податоците за полициски евидентираниот криминал.....58
6.4. Правна поставеност.....63

VII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ…….…….....……69
1. Анализа на истражувањето……..……..…....70
2. Дискусија.....80
VIII. ЗАКЛУЧОК…….…….....…….....……...…...89
IX. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА…… .....…….....…….92

Вовед:

Темата на мојот магистерски труд е *„Превенција на криминалитетот во РСМ“*. Стереотипите врз кои е поставен класичниот концепт на организација и функционирање на полицијата доаѓа во судир со концептот на правната и демократска држава, особено преку класичните законски овластувања, полицијата да ја извршува функцијата преку примена на присила, што не се вклопува во концептот безбедност преку заедницата. Овој концепт бара нова поставеност на полицијата во системот на власта во правната држава, нова организација и нови односи со граѓаните и заедницата, нов модел на работа, а тоа е: градење партнерски однос со заедницата (тоа не е ист идентитет со концептот полицијата – сервис на граѓаните) и разрешување на безбедносните проблеми во заедницата, стил на работа на полицијата кој ќе биде одраз на потребите на граѓаните во заедницата на која тие ѝ служат. Овој пристап не ја ослободува полицијата од реактивно и проактивно делување во превенцијата на криминалитетот, но значи поделба на нејзиното делување: ситуациона и социјална превенција, при што првата има доминантно значење, но заради чие остварување на полицијата ѝ се неопходни сознанија што ни ги нуди криминологијата на теоретски и практичен план, за да може успешно да го практикува овој концепт на превенција.

На тој начин, полицијата ќе ја конципира превенцијата врз сознанијата добиени од феноменолошките проучувања и аспекти на криминалитетот и етиолошките сознанија. Овие два аспекта се од значење, бидејќи ја одредуваат смислата и содржината на моделите на делување на полицијата во превенција во заедницата.[1]

Овие разгледувања на авторите, по мислење на рецензентот се од посебно значење, бидејќи преку нив се нуди еден нов концепт (модел) на полицијата во демократското општество, настојување полицијата во општеството и заедницата да не се реализира преку присилата и овластувањата и таквите средства да немаат доминантно значење, бидејќи тие не се вклопуваат во концептот за превенција на

[1] Батиќ, Д. (2013). Извештај од истражувањето Градење превентивна политика на малолетничкото престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, Скопје.

полицијата во заедницата. Главен предмет на обработка во овој магистерски труд ќе биде Полициско работење и превенција на криминалитетот во Република Северна Македонија и истиов магистерски труд е поделен на неколку глави кои се разработуваат во одделни делови.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За самото научно истражување, потребно е да се применат соодветни методолошки техники, односно соодветни научни методи. Во рамките на овој дел ќе биде направено едно презентирање и претставување на методолошкиот пристап, кој ќе биде искористен за изработката на овој магистерски труд. Во овој дел на трудот посебно ќе биде разработен проблемот на научното истражување, предметот на научното истражување, како и целта на научното истражување. Основните категорични концепти на научното истражување се манифестираат преку начините на изработка на трудот, преку оправданоста за изработка на темата, како и соодветното дефинирање на главната и помошната хипотеза на истражувањето.

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето

1.1. Проблем на истражувањето

Во рамките на магистерскиот труд се прави целосно согледување на состојбата во полициското работење и превенција на криминалот во нашата држава, како и нивната правна заштита. Проблемот на истражувањето всушност се поврзува со утврдувањето на причините за реактивното и проактивно полициско работење и превенција на криминалитетот во РСМ.

1.2. Предмет на истражувањето

Предметот на истражување на магистерскиот труд се однесува на определувањето на сите аспекти за полициското работење во Република Северна Македонија, како и превенција на секаков вид криминал во нашата земја.

1.3. Цел на истражувањето

Цел на истражување, како што веќе напоменавме, е да испитаме дали граѓаните се задоволни од полициско работење и колку е добра превенцијата против секој вид криминал во нашата држава. Токму криминалот, нарушувањето на јавниот ред и мир и стравот од криминал се основните загрозувачи на безбедноста во заедницата и главни „грижи“ на локалната заедница која сè повеќе издвојува време, пари и човечки ресурси за нивно сузбивање и спречување. Земајќи ги како почетни точки во процесот на нивна контрола, примарно е тие да се дефинираат и разберат од сите инволвирани страни.

Криминалот не можеме да го разгледуваме само како статистика во органите на казненоправниот систем. Уште помалку можеме да го гледаме само како индивидуално човеково поведение што е инкриминирано во казненото законодавство. Ограничувањето само на законските елементи на кривичните дела (место, време, начин на извршување, последица) значи разгледување само на одредени ситуациони фактори кои влијаат врз извршување на кривичните дела, односно на техниките и средствата со чија помош тие се извршуваат. Исто така, свртувањето само кон сторителот и кон неговата одговорност дава краткорочни резултати, во смисла на оневозможување тој да врши кривични дела додека е лишен од слобода. Но, неговото казнување и затворање, не го решава проблемот, туку го остава настрана. И сè додека се мисли дека казненоправниот систем може сам да го намали криминалот, тој истовремено расте. Тоа е во согласност со новите криминолошки теории, пред сè на радикалната и на миротворната криминологија коишто поаѓаат од тезата дека традиционалниот казнен систем е насилен и предизвикува страдање. Поточно, репресивната политика на казнените системи изразена преку репресивни мерки на општествена контрола и преку формални и строги судски постапки докажа дека казните не го намалуваат криминалот, постапките се стигматизирачки за сторителот и не прават ништо за жртвата.

Покрај справувањето со последиците, уште побитен пристап во разбирањето на криминалот е свртувањето кон неговите микро и макро причини, коишто се комплексни и треба да се анализираат од повеќе пристапи, како на национално, така и на локално ниво. Имено, бидејќи криминалот е општествена конструкција, тој е тесно поврзан со социоекономските, политичките, културните услови во едно општество на макро и на микро ниво.

Процесите на урбанизација и миграција, иако се позитивни општествени процеси, можат да предизвикаат големи тектонски пореметувања во градовите кои можат негативно да влијаат врз нивната безбедност.[2]

2. Хипотези на истражувањето

2.1. Главна хипотеза на истражувањето

Во истражувањето тргнавме од претпоставката дека улогата на полицијата во превенција на криминалитетот базирана на заедницата и нејзина поставеност е доста значајна, а потоа реактивното и проактивно полициско работење и превенција на криминалитетот имаат голема улога во целосната работа на полицијата во нашата држава.

2.2. Помошни хипотези

- Се претпоставува дека меѓу полицијата и цивилите во нашето опкружување се среќаваат различни видови криминалитет;
- Се претпоставува дека испитаниците ќе им дадат предност на превентивните мерки, во однос на репресивните, при решавање на проблемот на лицата кои сториле кривично дело;
- Се претпоставува дека сите лица кои сториле кривично дело, се опасна социјална појава;
- Се претпоставува дека нашето општество не обрнува доволно внимание на лицата кои предизвикуваат некаков вид криминал и не се преземаат соодветни мерки за негово спречување;
- Се претпоставува дека испитаниците ќе произнесат предлози на мерки за спречување на криминалитет и извршување на кривични дела.

Сите овие хипотези на истражувањето, главната и помошните хипотези, за потребите на трудот треба дополнително да бидат разработени и развиени. Оваа

[2] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

разработка и развивање на хипотезите ќе биде направено во согласност со општите концепции на магистерскиот труд.

Ќе бидат искористени неколку индикатори кои треба да овозможат тестирање на вака поставените хипотези на истражувањето.

Така, во оваа смисла ќе биде направено соодветно консултирање на стручна и научна литература која се однесува на потесната проблематика, ќе бидат разгледани регулативите на национално и меѓународно ниво, ќе се разгледаат моделите и механизмите кои се применуваат во практиката, и ќе биде извлечен соодветен теоретски заклучок.

3. Методи на истражување

За изготвувањето на магистерскиот труд ќе бидат искористени неколку научни методи, кои се од помош во оформувањето на методолошките техники на истражување. Ќе бидат искористени такви научни методи кои имаат своја посебност и значење за општествените науки.

Во овој труд е користен методот на теориска анализа и истражувачкиот метод. Од техниките за истражување е користено анкетирањето. За да се испитаат ставовите на полициското работење посебно во град Скопје, одбрана е техниката на анкетирање, со која на систематичен и релативно краткотраен и економичен начин се доаѓа до мислење на испитаниците за оваа појава. Од инструментите е користен анкетниот прашалник, конструиран за потребите на ова истражување, во кој постојат зададени хипотези. Во составувањето на анкетниот прашалник е обрнато внимание на тоа прашањата да бидат јасни и недвосмислени, т.е. да бидат прецизно формулирани. Анкетниот прашалник се состои од неколку прашања кои се прилагодени на проблемот на истражување.

4. Оправданост на истражувањето

Самиот магистерски труд има јасно поставена научна и истражувачка оправданост.

1.1. Научната оправданост на самото истражување се согледува во потребата од систематизирање на научно-теоретските сознанија за детална состојба за полициското работење и превенција во секаков вид криминал. Дополнително, преку

изработката на трудот се очекува да се збогати стручната литература која го разработува прашањето на полициската работа воопшто, посебно прашањето кое се однесува на целосна правна заштита на сите лица.

1.2. Истражувачката оправданост на магистерскиот труд е тесно поврзана со научната оправданост. Едно вака поставено истражување ќе биде од голема помош на сите институции кои се занимаваат со прашањето за превенција од криминал, како во национални рамки, така и во меѓународни рамки.

III. Превенција на криминалитетот во РС Македонија

Превенцијата на криминал е процес на постојано менување и дополнување. Како што се менува видот на криминалот, така се менува и видот на превенцијата, и со тоа се менуваат, односно се зголемуваат аспектите на проучување. Превентивните мерки се дел од контролата на криминалот, услов за безбедност во заедницата и во општеството, генерално и придонесуваат за намалување на криминалните однесувања. Покрај тоа, превенцијата е дел и составна компонента на криминалната политика на секое општество и е вградена во стратешките планирања и развојот на политиките и програмите за безбедност, внатрешни работи, социјален развој. Оттука, превенцијата може да се разгледува како цел, вредност, програма, мерка, политика, односно резултат на одредени активности преземени од страна на казненоправниот систем, но и од поширокаата заедница и граѓанскиот сектор, воопшто.[3]

Поради тоа, обидот да се објасни самиот поим (како и многу други поими за кои не постои единствена дефиниција) се чини како Сизифовска работа којашто бара разгледување на различни пристапи и аспекти, кои бараат развивање на теории и научни дебати.[4]

Така Ван Дајк (1990) превенцијата на криминал ја дефинира како збир на политики, мерки и техники, надвор од границите на казненоправниот систем која има

[3] Батиќ, Д. (2013). Извештај од истражувањето Градење превентивна политика на малолетничкото престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, Скопје.
[4] Van Dijk, J. J. M. (1991). More than a matter of security: Trends in crime prevention in Europe. In F. Heidensohn, & M. Farrell (Eds.), Crime in Europe. (pp. 27–42). London: Routledge

за цел да ги редуцира различните видови штета причинета од дејствија дефинирани како криминални од страна на државата.

Од друга страна, Грахам смета дека казненоправниот систем има улога во превенција на криминалитетот, особено во превенција на повторното криминално однесување на сторителот кој веќе се „судрил“ со законот (терцијарната превенција). Фриман (1992) терминот превенција го дели на два конститутивни дела: прогноза и интервенција. Доколку сакаме да спречиме појава на криминал во одредена ситуација или во одреден момент треба да се направи прогноза која ќе го предвиди неговото појавување. Значи, во реализацијата на превентивните мерки со помош на научните методи треба да се предвиди каде, кога и како се појавува криминалот, и доколку има сознанија за тоа, следниот чекор за таа појава да биде спречена е успешна интервенција. Она што научните методи го овозможуваат е да се откријат одредени правилности во случувањето на криминалот, и врз основа на спознавањето на тие правилности да се дефинира и самата интервенција.

Според Националниот институт за превенција на криминалитетот на САД, превенцијата е секој обид насочен кон контролирање на криминалното однесување.

Дефиницијата на Екблом гласи: „превенцијата на криминал е интервенција во механизмите/факторите кои предизвикуваат кривични дела“.[5]

Тој фокусот го става на карактеристиките на кривичното дело и на неговите причини и смета дека превенцијата треба да се насочи кон најблиските, непосредни околности (непосредната криминална ситуација и потенцијалната диспозиција на сторителот) како фундаментални компоненти на непосредната каузалност. Според Екблом, насочувањето кон далечните посредни фактори не дава ефикасен резултат (не работи/не вреди акција од далечина). Основно во превентивните методи е да се „чува сторителот надвор од криминалните ситуации“.

Во Одлуката на Европската Унија за воспоставување Европска мрежа за превенција на криминалитет (2001) е наведено дека „превенцијата на криминал ги покрива сите мерки кои имаат намера да придонесат да го намалат криминалот и чувството на граѓаните на несигурност, квантитативно и квалитативно, преку директни активности на одвраќање од криминал или преку политики и интервенции кои се дизајнирани да го редуцираат потенцијалот и причините за криминал. Тоа вклучува активности на владата, компетентните служби, казненоправниот систем, локалните

[5] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

власти и специјализираните организации, приватниот и волонтерскиот сектор, истражувачите и јавноста, поддржани од медиумите.

Пошироко објаснување за превенција на криминалитетот даваат Упатствата на ОН за превенција на криминалитетот (2002). Во нив, превенцијата е дефинирана како вкупност на стратегии и мерки за намалување на ризикот од случување дела, на потенцијалните штетни ефекти за поединците и општеството во целина, како и на стравот од криминал преку интервенирање во причините.[6]

Наведениот преглед на дефиниции кажува за различните пристапи во дефинирањето на поимот превенција на криминалитет.[7] Дали е подобро таа да го опфати и стравот од криминал, дали е подобро таа да предвиди мерки за поддршка на жртвите или не? Која класификација на превентивни мерки треба да се прифати?[8]

Без разлика на различните пристапи при разгледувањето на наведените прашања и дилеми, превенцијата на криминал треба да одговори на следниве прашања: што сакаме да спречиме, на кој начин, со кои средства и кој е одговорен за превенција на криминалитетот?

Во одговорот на првото прашање ќе се согласиме дека е подобро да се наведе она што може квантитативно и квалитативно да се измери и оцени, а тоа е бројот на кривични дела, вредноста на штетата, бројот на жртви, намален страв, намалени ризици и причини.[9]

Во одговорот на второто прашање ќе се повикаме на пристапите наведени во ОН упатството според кое превенцијата на криминал вклучува широк спектар на пристапи, кои се однесуваат на:

а) промовирање на благосостојбата на луѓето и охрабрување на социјалното однесување преку социјални, економски, здравствени и образовни мерки со особено акцентирање на децата и младите и фокусирање на ризичните и заштитните фактори поврзани со криминалот и со виктимизацијата (превенција преку социјален развој или социјална превенција на криминалитетот),

б) промена на условите во соседството кои влијаат врз појавата на криминални однесувања, виктимизација и несигурност преку иницијативи, експертиза и прифаќање

[6] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[7] International Report on crime prevention and community safety: trends and perspectives, 2012, International center for prevention of crime, Montreal
[8] Council decision of 28 May 2001 setting up a European crime prevention network
[9] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

на одговорност од страна на членовите на заедницата (превенција на криминалите базирана на заедницата),[10]

в) редуцирање на можностите, зголемување на ризикот сторителот да биде фатен и минимизирање на добивките со помош на дизајнирање на средината и преку помош и информирање на потенцијалните и актуелните жртви (ситуациона превенција на криминалитет) и

г) превенција на повторништвото со преземање мерки за ресоцијализација, рехабилитација и социјалната реинтеграција на сторителите во заедницата (реинтегративни програми).

Во однос на тоа кои се носители на превентивната активност, во последните декади од минатиот век појавата и суштината на превенцијата на криминалот се поврзува со активности кои се преземаат од граѓаните, училиштата, бизнис-секторот, невладините организации во партнерство со локалните власти и со казненоправниот систем. Токму партнерството и соработката во решавање на одредени прашања од заеднички интерес е значаен дел од превенцијата на криминал, и тој колективен и проактивен пристап кој започна во 1990-тите години, постепено се зголемува, шири и прифаќа од државите како неопходен дел од одговорот на криминалот.

3.1. Видови криминалитет во РСМ

3.1.1. Организиран криминал

Тргнувајќи од дефиницијата дека организираниот криминал претставува посебен облик на професионален криминал, кој се развил нарочно во развиените земји во 20-тиот век, и кој е сè поприсутен во земјите на транзицијата кои немале или истиот не го чувствувале со таков интензитет како последните години (крајот на деведесеттите), сега се забележува неговото присуство во сите сфери на општественото живеење и претставува опасна и реална закана за понатамошниот развој на демократските односи, бидејќи прави обид да ги зафати сите сфери на младото демократско општество и да раководи со него како и со неговиот развој. Организираниот криминал е релативно нов феномен во Република Северна

[10] Gregory, J. (2010). Beyond “what works” in reducing crime: the development of a municipal community safety strategies in British Columbia (dissertation in the School of Criminology, Simon Fraser University, стр.17

Македонија.[11] Порастот на транснационални криминални организации на глобално ниво, безбедносните проблеми во регионот, проследени со ембарга, напоредно со внатрешните транзициони проблеми, беа факторите кои сериозно влијаеа врз појавата на организираниот криминал. Истовремено, поради својата географска положба, Република Северна Македонија е подложна на прекуграничен криминал.

3.1.2. Насилство кај организираниот криминал

Интересот на криминологијата за феноменот на организираниот криминал може да се согледа во тоа што тој во секојдневниот живот и во социјалните односи меѓу луѓето внесува страв, несигурност, неизвесност, ја менува психологијата на луѓето, го менува моралот и етиката на луѓето, ја менува социо-психологијата на луѓето во насока на неизбирање на средства и методи за брзо и лесно збогатување без чесна работа, слабеење на довербата меѓу луѓето и меѓусебното почитување. Организираниот криминал претставува еден од најконтроверзните поими со кои се оперира во општествените науки, поим околу кој се плете тајна мистика уште од неговото појавување.[12]

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема брачен другар, родители или деца или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица што се наоѓаат во блиски лични односи. Врз основа на оваа дефиниција може да се издвојат посебните видови насилство кои што постојат во рамките на семејството.[13] Во прв ред доаѓа насилството од интимниот партнер, потоа насилството врз децата и насилството врз стари (родителите). Кога се зборува за насилството од интимниот партнер, тука пред сè се мисли на насилството кое што е извршено од страна на мажот врз жената, бидејќи жените многу почесто се жртви на семјено насилство, но не значи и дека не е можна и обратната ситуација во која мажите стануваат жртви. Препораката на Советот на Европа за заштита на жените од насилство ја утврдува следнава дефиниција: насилството врз жените треба да се сфати како било кој акт на полово-бизарно насилство, кое резултира со, или најверојатно ќе

[11] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.
[12] Митко, Котовчевски, Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии, Скопје, 2003,
[13] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

резултира со физичка, сексуална или психолошка повреда или страдање на жените, вклучувајќи закани или слични акти, принуда или насилно лишување од слобода, без разлика дали се случува во јавниот или приватниот живот.

Насилството врз децата или злоупотребата на деца е глобален проблем кој е длабоко вкоренет во културната, економската и општествената практика. Насекаде се известува за чедоморство, сакатење, напуштање и други форми на физичко или сексуално насилство врз децата. Под злоупотреба на деца начесто се подразбира брутално физичко казнување, сексуално искористување, сурово занемарување на егзистенцијалните и психичките потреби, вклучувајќи го и семејното насилство. Злоупотребата на стари лица од страна на нивните роднини или на други негователи сè повеќе се јавува како тежок социјален проблем. Тоа исто така, е проблем што може да продолжи во земјите со голем број постаро население. Како и кај злоупотребата на децата, и кај старите лица е присутна физичка, сексуална и психичка злоупотреба и запоставување. Постарите луѓе, особено се подложени на економска злоупотреба, кога нивните роднини и други негователи ги злоупотребуваат нивните финансиски средства и имотот.

Семејното насилство е идентификувано како специфичен проблем во Република Македонија, особено во овој транзиционен и посттранзиционен период. Семејното насилство не се следи организирано, нема редовно евидентирање, а статистичките податоци, главно се сведени на број на пријавени случаи во полиција и социјалните служби. Најчесто насилството се открива при бракоразводни парници, убиства, кога жената е жртва на брачниот партнер или кога жената го убива својот маж за да се одбрани себе и децата. Црната бројка на жени жртви на семејно насилство, речиси и воопшто не може да се следи затоа што најголемиот број жени не ги пријавуваат случаите на насилничко однесување врз нив.[14]

3.1.3. Професионален криминал

Професионалниот криминал се состои во вршење на различни видови прекршоци, обично имот како постојана окупација, кој служи како извор на постојан или привремен.[15]

[14] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[15] Recommendation Rec(2002)5 of the Committee of Ministers to member states on the protection of women against violence, 2002

Професионалниот криминал опфаќа кражба, измама, фалсификат, проституција, жртви на трговија со дрога и слично. Кривичните дела во рамките на професионални криминал се вршат брзо умешно и вешто со голема физичка способност за маневрирање, што го прави тешко за да се открие професионалниот криминалец. Професионалните криминалци создаваат големи парични приходи кои може да се „специјализирани“ само за остварување на одредени кривични дела. За професионални криминалци еволуирале преференции и навики за криминално однесување, без да чувствува грижа на совеста.

Професионални криминалци се регрутираат за легитимни услуги, од признати интерес.

Тие се карактеризираат со висок професионализам, совршенство на методи, динамика и прилагодување.

Според Реклесу (Reklesu), постои поделба на професионални криминалци во три категории:

- Ситни престапници кои извршиле злосторства без насилство. Се карактеризираат со вештини и смиреноста во текот на извршувањето на кривични дела.
- Професионалци, измамниците, кои прекршоци направиле преку измама на одделни лица и имплементација на разни техники.
- Тешки криминалци, тие се карактеризираат со употреба на насилство, со користење на оружје, кога тие немаат друг начин да се постигне кривична постапка.

Професионален криминал се манифестира во две форми: како кривично дело, „белата јака“, како организираниот криминал.

3.2. Концептот на криминал „белата јака“

Како посебна форма на професионална криминал „бела јака криминал“ е прв дефиниран и опишан од страна на американски криминолог Едвин Сатерленд. Сатерленд ја дефинира оваа форма на криминал, како кривични дела извршени од страна на лица со висок углед и социјален статус на окупацијата. Кривична бела јака вклучува измама во деловното работење, берзите, сомнителни трансакции, нелегалната трговија со трансакции и меници, лажни фактури, осигурителна измама, измама во врска со затајување на данокот, директни и индиректни форми на корупција и слично. Овој вид криминал е особено општествено опасен, бидејќи необјавување на

неказнување на сторителите навредува општествениот морал.[16] Исто така, овој вид криминал создава посилна социјалната неорганизираност.

3.3. Перење пари

Перење пари во најопшта смисла е процес на прикривање на потеклото на парите или имотот стекнат со криминални активности, односно прикривање на вистинската природа и извор на пари, и пренос со цел да ги сокрие своето илегално потекло или стекнување, поседување или користење на имот. Со други зборови, за перење пари се нарекува и т.н. „валкани“ пари или материјална добивка кои се добиени по пат на извршување на кривични дела или други нелегални активности. Вклучувањето на такви пари во редовните парични текови претставува единствена закана за финансискиот систем и ги носи во особено неповолна и дискриминаторски позицијата оние кои работат легално. Стратегијата за борба против перењето на пари многу важно место му дава на органите на прогонот и судството во земјата. Може да се каже дека ефикасноста на спротивставување на оваа форма на криминал во потполност зависи токму од ефикасноста во откривањето и гонењето на ова кривично дело од страна на судските органи на една земја. Во овој поглед постои полн спектар на доста сложени и деликатни прашања, како што се утврдување на потеклото на пари, начинот на нејзиното криење, потребата да се утврди постоењето на претходни кривични дела, односот на претходните дела и дела на перење пари. Во секој случај, потребно е обвинителството да нуди некои докази дека тие пари или имот имаат потекло од криминална активност.[17]

3.4. Борбата против трговијата со дрога и Прекурсори

Злоупотребата на дрога – дрога и хемикалии кои се користат за создавање на глобален безбедносен проблем во модерниот свет, бара унапредување на меѓувладината соработка.

Зголемување на обемот на злоупотреба на дрога доведе до зајакнување на свеста дека е потребно да се преземе акција на меѓународно ниво, особено преку работата на ОН и други меѓународни и невладини организации.

Најважните меѓународни акти кои го регулираат прашањето на наркотиците и спречување на нивното користење се следниве конвенции: Конвенцијата за наркотични

[16] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[17] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

дроги, Конвенцијата за психотропни супстанции, Протоколот за измена на Единствената конвенција за опојни дроги, Декларацијата за контрола на трговијата и злоупотребата на опојни дроги и психотропни супстанци и Конвенцијата за борба против недозволената трговија со дроги и психотропни супстанци.[18]

3.5. Трговија со луѓе

Процесот на реализација на трговија со луѓе се карактеризира со различни кривични дела, и од страна на организирани криминални групи и од страна на самите жртви. Во зависност од одредена фаза процес, најчесто станува збор за кривични дела од областа на општиот криминал, иако присутна е и криминализацијата во областа на економијата. Меѓу нив се издвојуваат и кривични дела за измама, фалсификување, незаконско приведување, нелегално преминување на државната граница и криумчарење на луѓе, различни форми на кражба, посредување во вршење проституција, ширење на заразни болести и ХИВ инфекцијата, силување, тешка телесна повреда, убиства, грабежи, уцени, изнуда, перење пари, даночно затајување, мито и така натаму.

Во пракса, се среќаваме со следните фази на процесот на трговија со луѓе: Фаза потекло – регрутирање на жртвите; Фаза дестинации за контроли и експлоатација на жртвите. Секоја од овие фази се карактеризира со голем број кривични дела. Ако на пример, работата се врши во текот на фазата на транзит, тогаш е многу тешко да се утврди местото на спроведување на истрагата, што го прави доста тешко. Организираните криминални групи или поединците кои се вклучени во овој „бизнис-криминал“, се свесни дека ризикот од страна на оваа криминална активност не е толку висока.[19]

3.6. Екотероризам

Кон крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век во современата политика и политичка теорија многу значајно место зазема терминот „војна против

[18] Батиќ, Д. (2013). Извештај од истражувањето Градење превентивна политика на малолетничкото престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, Скопје.
[19] OSVRT NA PROCESREALIZACIJE TRGOVINE LJUDIMA doc. dr Nenad Radović Kriminalističko – policijska akademija, Beograd prof. dr Nebojša Teofilović Pravni fakultet Univerziteta u Novom Pazaru Bojan Janković MUP RS

теророт“. Во текот на последните децении на минатиот век тероризмот стана повеќе брутален и почесто страдаат невините жртви на актуелните политички цели.

Историјата на модерна индустриската цивилизација се идентификува како постојана зголемена експлоатација на природните ресурси, како и на растителни и животински видови. Сепак, расте свеста за катастрофалните последици од нарушување на еколошката рамнотежа.

Постојано се преземаат повеќе методи за борба за заштита на природата, меѓутоа тоа не е доволно бидејќи се работи само на пропаганда на нов квалитет на животот, постматеријалистичка вредности, хипи комуни и анархо кои живеат надвор од капиталистичката цивилизација. Второ, политичкиот систем е премногу бавен и рамнодушен да се задоволат еколошките интереси на мал број луѓе[20]

3.7. Стратегии за превенција на криминалитетот

Превенцијата на криминал треба да добие свој нормативен израз и институционална форма за поефикасно спроведување на криминалната политика во секоја држава. Тоа значи дека таа треба да добие приоритет во стратешките документи бидејќи секоја добро воспоставена Национална стратегија за превенција на криминалитетот претставува соодветен одговор на владата за заштита и сигурност на своите граѓани, помага во сузбивањето на идните трендови на криминалот и претставува извор на информации за поширокатa јавност за состојбите на криминалот и за начините за негова превенција.

Во таа насока и Упатствата на ОН за превенција на криминалот (2002) во членот 1 истакнуваат дека „добро планирани стратегии влијаат не само во превенција на криминалитетот и на виктимизацијата, туку ја промовираат и безбедноста во заедницата и придонесуваат за одржлив развој на земјите.

Ефикасна и одговорна превенција на криминалитетот го засилува квалитетот на животот на граѓаните. Превенција на криминалитет нуди можности за човечки и поефикасен пристап кон проблемот на криминал“.

Токму затоа, превенцијата станува централна тема при дебатирањето за јавните политики во Европа во средината на 1970-тите години и станува стратешки

[20] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134

приоритет во владините извештаи во Франција, Шведска, Велика Британија и во Холандија, која подоцна добива институционална форма.[21]

Имајќи ги предвид посебностите во внатрешната политика на државите, и нивните различни културни, идеолошки, политички вредности во праксата се препознаваат пет модели на политики на превенција, што се именувани според државите во кои се воспоставени. Адам Крафорд идентификува:[22]

1. Шведски модел кој воспоставува Национална стратегија што се фокусира на планирање и спроведување на превентивни мерки, како и на субјектите кои ги преземаат,
2. Француски модел кој воспоставува стратегии што се насочени кон ранливи и маргинализирани лица и ја истакнува социјалната превенција на криминалитет;
3. Британски модел кој се фокусира на ситуационен пристап преку управување и менување на физичката средина за редуцирање на можностите за извршување на кривичното дело;
4. Германски модел кој се фокусира на истражување и евалуација;
5. Нордиски модел кој се фокусира на превенција преку вклучување, интегрирање и политики надвор од казненоправниот систем.

Наведените модели ги истакнуваат различните пристапи на државите при креирањето на националните превентивни политики.

Анализата на истражувањето спроведено во 2010 година од страна на Меѓународиот центар за превенција на криминалитетот (International Crime Prevention Centre) со седиште во Монтреал, Канада покажува дека 57 земји во светот имаат стратегии за превенција на криминалитет, иако во одредени држави превенцијата се разработува како дел од поширок стратегии за јавна безбедност (Аргентина, Чиле, Перу и во други држави во Латинска Америка), стратегии за контрола на криминалот или за безбедност во заедницата.

Од прегледот на превентивните политики на европските држави се констатира дека поголемиот број држави (16 од нив) имаат формирано Централно национално тело за превенција на криминалитетот надлежно за донесување и спроведување на националните превентивни политики и програми. Од европските држави кои се вклучени во истражувањето (22 држави), 11 држави имаат донесено сеопфатни

[21] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[22] Crawford, A. (2007). Comparative models of crime prevention and delivery: their genesis, influence and development, CRIMPREV Assessing Deviance N.16, Crime and Prevention

национални стратегии за превенција на криминалитетот. Од државите во регионот, само Словенија има донесено Стратегија за превенција, додека Македонија, Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска имаат донесено национални стратегии за превенција на малолетничкото престапништво, но и други стратегии кои адресираат одредени ранливи категории лица.[23]

Република Србија има донесено Национална стратегија за превенција и заштита на децата од насилство и Појдовна рамка за Национална стратегија за превенција на криминалитетот во 2009 година која упатува иницијатива до Владата за основање Национален совет за превенција кој ќе биде надлежен за спроведување на националната стратегија. И покрај тоа што досега не е основан таков совет, МВР на Република Србија во 2011 година усвои Нацрт-стратегија за полиција во заедницата во која се дефинирани основните цели и насоки на дејствување во рамките на новиот пристап на полициското работење со заедницата.[24] Босна и Херцеговина има донесено Државна стратегија за борба против насилството врз децата (2007 – 2010) и Стратегија против малолетничкото престапништво (2006 – 2010). Република Хрватска, исто така има донесено Национална стратегија за превенција на пореметувањата во однесувањето на децата и младите (2009 – 2012).

Во Република Македонија, како дел од превентивните политики се донесени следниве стратешки документи:

- Национална стратегија за превенција на малолетничкото престапништво (2010 – 2020) донесена од страна на Државниот совет за превенција на малолетничкото престапништво во соработка и поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје;
- Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012 – 2015;
- Национална стратегија за борба против трговија со луѓе 2013 – 2016;
- Акционен план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија[25];
- Државна програма за превенција и спречување на корупцијата 2012 – 2015.

Исто така, во Стратешките планови на Министерството за внатрешни работи е идентификувана потребата за донесување Национална стратегија за превенција на криминалитет, којашто согласно зацртаните цели на МВР треба да се

[23] Батиќ, Д. (2013). Извештај од истражувањето Градење превентивна политика на малолетничкото престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, Скопје.
[24] olazni okvir Nacionalne strategije prevencije kriminala (2009)., Ministarstva unutrašnjih poslova Republika Srbija
[25] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

операционализира со основање Државен совет за превенција на криминалитет во рамките на министерството. Иако предвидените активности досега не се спроведени, МВР, во согласност со Стратегијата за реформа на полицијата од 2003 година активно работи за остварување на одредени цели кои се однесуваат на превентивната политика, за кои во понатамошната анализа ќе стане збор.[26]

Секоја Национална стратегија за превенција на криминалитетот треба да биде одговорност на државата која треба да ги стави на располагање сите основни организациски и технички услови за превенција на криминалитетот како интегрален дел на криминалната и на социјалната политика, бидејќи заштитата на јавната безбедност е општествена одговорност за која е потребно да се постигне политички консензус. Токму затоа, една од задачите на секоја Национална стратегија е да го подобри квалитетот на живот преку подобрување на јавната безбедност, интегрирање на превенцијата во една поширока криминална и социјална политика и воспоставување партнерства меѓу различни страни од заедницата. Особено е важно да се истакне дека националните стратегии треба да бидат рамка и патоказ за градење и развој на соодветни локални политики, бидејќи таа ќе биде поефективна доколку се спроведува како дел од локалните политики за превенција на криминалитет и за безбедност во заедниците, и со тоа да бидат дел од администрирање како на централната, така и на локалната власт.

Во суштина, потребата за локален одговор на криминалот го разви концептот „безбедност во заедницата“ кој стана актуелна тема на јавни, политички, научни дебати и кој сè повеќе ја дополнува превенцијата на криминал како прашање само на полицијата и на казненоправниот систем. Тој е комплексен концепт кој е тешко да се дефинира, но во обидот да дадеме објаснување за поимот безбедност во заедницата, ќе се послужиме со неколку дефиниции.

3.8. Превенција на криминалитетот која е базирана од заедницата

Поимот „безбедност во заедницата“ во Речникот по криминологија (2001) е објаснет како стратегија која бара инволвирање на голем број субјекти од заедницата, (вклучувајќи ја и полицијата), за подобрување на нејзината безбедност не само од извршување на кривични дела, туку и од штети предизвикани од сите извори. Како поширока стратегија за справување со проблемите во заедницата се јавува поради

[26] Батиќ, Д. (2013). Извештај од истражувањето Градење превентивна политика на малолетничкото престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, Скопје.

неуспехот на казненоправниот систем да се справи со криминалот и истовремено подразбира системски пристап, општествена одговорност и учество на повеќе субјекти во создавањето безбедни средини. Покрај тоа, во речникот е даден поширок пристап во објаснување на безбедноста како поим што подразбира „отсуство на штета, без разлика дали штетата е предизвикана од човечки фактор или на друг начин“. Оттука, стратегијата е повеќе насочена кон намалување на штетата, отколку само кон превенција на криминалитетот. Во Годишниот извештај за 2010 година на Меѓународниот центар за превенција на криминалитетот поимот безбедност во заедницата се поврзува со подобрување на квалитетот на живот во заедниците преку општествена интеракција и социјална кохезија. Безбедноста во заедницата се справува со штетните последици и ефектите предизвикани од криминалот и таа зависи од способностите на самата заедница и на граѓаните што живеат во неа да дејствуваат и реагираат. Според поширокото објаснување наведено во Годишниот извештај, безбедноста во заедницата претставува идеал за коегзистирање на различни културни, социјални и политички групи. Во Развојната програма на Обединетите нации (United Nations Development Program – UNDP), безбедноста во заедницата подразбира индивидуална и колективна безбедност, односно граѓаните и заедницата да бидат „ослободени од страв“.[27]

Питер Скирес (Peter Squires), кој пишува за концептот „безбедност во заедницата“ во Велика Британија како прифатена Национална стратегија за справување со криминалот, вели дека политиката на безбедност во заедницата, како нов пристап за справување и превенција на криминалитетот, започнува во доцните 1980-ти години. Според него, потеклото на концептот „безбедност во заедницата“ лежи во јасно изразените ставови на политичарите од левицата дека проблемот на криминалот не е сопственост само на полицијата, туку и на други општествени субјекти надвор од полициските и другите безбедносни структури на државата. Тој е производ на голем број фактори од кои голем дел се надвор од контролата на полицијата. Со оглед на фактот што безбедноста вклучува широк опсег на ризици, како што се ризици од штетни продукти, ризици по животната средина (загадувањето), потребно е и другите надлежни институции (јавни и приватни) да се мобилизираат за спроведување на поширока општествена стратегија за безбедност.

[27] Compendium of United Nations standards and norms in crime prevention and criminal justice, (2006) UNODC, стр.294.

Од прегледот на наведените објаснувања, ние го прифаќаме ставот кој владее во криминолошката литература кој безбедноста ја поврзува со ризиците, заканите и факторите што се поврзани со криминалот и со другите девијантни однесувања. Од тој аспект, безбедноста во заедницата треба да овозможи квалитетен живот на граѓаните, особено преку мерките на примарната и на секундарната социјална превенција што ги адресираат социјалните ризици и другите состојби на ризик (семејно насилство, воспитна запуштеност) на национално, но и на пониско локално ниво. Главен акцент треба да биде ставен на мултисекторскиот пристап кој треба да го вклучи јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор за развој на политики за справување со криминалот што се темелат на заедницата.

Оттука, тој концепт опфаќа повеќе аспекти:

- справување со факторите и ризиците како причинители на криминалот и на другите девијантни појави и однесувања,
- справување со факторите и проблемите што се поврзани со локалната заедница, а кои го намалуваат квалитетот на живот и го зголемуваат чувството на страв на граѓаните,
- справување со самиот криминал и со неговите последици и
- заштита на ранливите категории лица и на лицата кои се наоѓаат во состојба на ризик.

Основната цел на тој пристап е подобрување на квалитетот на живот во заедницата во која граѓаните, индивидуално и колективно ќе бидат заштитени од заканите и од стравот како последица на криминалните и на другите општествено негативни однесувања.[28]

Покрај справувањето со последиците, уште побитен пристап во разбирањето на криминалот е свртувањето кон неговите микро и макро причини, коишто се комплексни и треба да се анализираат од повеќе пристапи, како на национално, така и на локално ниво.[29]

Имено, бидејќи криминалот е општествена конструкција, тој е тесно поврзан со социоекономските, политичките, културните услови во едно општество на макро и на микро ниво.[30]

[28] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[29] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[30] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

Процесите на урбанизација и миграција, иако се позитивни општествени процеси, можат да предизвикаат големи тектонски пореметувања во градовите кои можат негативно да влијаат врз нивната безбедност.[31]

IV. Улогата на полицијата во превенција на криминалитетот базирана на заедницата и нејзина поставеност

Работата на полицијата во заедницата се состои од две главни компоненти: градење партнерски однос со заедницата и решавање конкретни безбедносни проблеми кои се приоритет за заедницата. За да може да се имплементира овој модел, полициските служби мора да создадат нов полициски стил на работа кој ќе биде одраз на потребите на граѓаните и заедницата на која тие ѝ служат.[32]

Во основа, прифаќањето на филозофијата на community policing подразбира радикални промени на сите елементи на организационата структура и на процесите на работа на полицијата. Тоа значи дека воспоставената хиерархиска структура мора да претрпи измена со тоа што одлучувањето ќе биде обврска на секој припадник на полицијата во рамките на неговите работни должности. Секое полициско ниво, ќе носи одлуки и ќе презема мерки за кои смета дека се најдобри во конкретната ситуација, а неговите одлуки континуирано ќе бидат контролирани и оценувани од страна на хиерархиски повисоките полициски нивоа. Прифаќајќи дека превенцијата на криминалитетот претставува динамичен процес кој вклучува вкупност на мерки и активности насочени кон намалување на криминалот, неговите последици, жртвите од криминал, и кон отстранување или ублажување на причините и ризик факторите кои доведуваат до криминални и други девијантни појави, тогаш, полицијата е еден од механизмите која активно учествува во тој процес. За нејзиното значење и за степенот на инволвираност како дел од мултисекторскиот пристап во превенција на криминалитетот, во стручната литература се забележуваат повеќе ставови, во зависност од пристапот и целта кон која се насочени превентивните мерки.

Во таа смисла, основна е поделбата на социјална и на ситуациона превенција, бидејќи полицијата свое значајно и примарно место зазема кај ситуационата

[31] Батиќ, Д. (2013). Извештај од истражувањето Градење превентивна политика на малолетничкото престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, Скопје.
[32] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

превенција. Таа подразбира преземање мерки и активности насочени кон уредување и менување на физичката средина и со одредени ситуации со што се намалуваат можностите за извршување на кривични дела, односно се зголемува можноста сторителот биде фатен за време на извршување на кривичното дело. Ситуациониот пристап се базира врз претпоставката дека ситуациите се попредвидливи од однесувањето на луѓето и тој експлицитно бара планирање и анализа на специфичните криминални ситуации и развива превентивни стратегии кои се однесуваат на тие ситуации. Ситуационата превенција значи дека решението мора да се бара во конкретна ситуација која ја олеснува криминалната активност.

Во тој дел, повикувајќи се на дводимензионалната класификација на Ван Дајк и Де Ваард (1991), полицијата е основен носител на одредени ситуациони мерки кои подразбираат физичко присуство или насочено патролирање кон ризични места, односно места за кои постои сознание дека се жаришта за извршување одредени кривични дела. Во првиот случај станува збор за полициско присуство и патролирање на одредени места за кои постои ризик од нарушувања на јавниот ред и мир (на пример, поставување училишен полицаец во близина на училиштата или зголемено присуство на одредени групни настани и манифестации). Во вториот случај, полицијата врз основа на мапирање на криминалот, презема соодветни мерки на засилена контрола и надзор на одредени локации. Последното претставува една од основните функции на полицијата насочена кон откривање на кривичните дела и на нивните сторители како орган на казненоправниот систем.[33] Нејзината откривачка функција, т.е. ефикасноста во расветлување на случаите може да има генерално-превентивен ефект врз потенцијалните сторители преку ефектот на застрашување.

Тоа значи спречување на идното престапништво и одвраќање на потенцијалните сторители од сторување кривични дела поради страв дека полицијата ќе ги открие и уапси. Значи, интервенциите насочени кон обезбедувањето на одредени места, контролата на одредени лица, засилениот полициски надзор и мерките насочени кон одржувањето на јавниот ред и мир се дел од ситуационата превенција, но тие се повеќе реактивно насочени што значат интервенирање по одреден настан. Исто така, тие се дел од традиционалниот пристап на полициското работење во функција на откривање на кривичните дела. Американската полиција тој пристап го именува како crime fight пристап насочен кон борба на криминалот за кој се вршени низа

[33] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

истражувања со цел да откријат дали тој пристап има превентивни ефекти односно дали влијае врз намалување на стапката на криминал.

Од друга страна, доколку ги прифатиме превентивните пристапи на ОН (2002) полицијата, исто така, е дел од превенцијата на криминал базиран на заедницата. Тој пристап подразбира склучување партнерства и колективен одговор на криминалот и, во тој дел, полицијата е интегрален дел на тие партнерства. Меѓутоа, нејзината улога е битно различна, односно од неа се бара проактивно дејствување што подразбира преземање чекори пред да се случи криминалниот настан. Тој пристап се фокусира на превенција на криминалитетот, на идентификување на неговите причини и ризик фактори и на решавањето на проблемите во заедницата. Прв и неопходен чекор за воспоставување ефикасен систем на превенција базирана на заедницата е едукацијата за превенција на криминалитетот, поврзување на граѓаните што имаат заеднички интереси и ангажирање и мотивирање на лидерите во општеството за јавни дебати и дискусии за создавање безбедни општества.

Обидите да се промовира превенцијата треба да ги инволвира сите нивоа на државната власт и другите јавни служби (училиштата, социјалните служби, граѓанските организации). Колку што е поголема социјалната кохезија и односите меѓу граѓаните во рамките на една заедница, толку е поголема веројатноста за воздржување од негативни однесувања. Тоа е во согласност со Теорија на Хирши за социјалните врски, според која, за ефикасна интеракција меѓу поединецот и неговото социјално опкружување постојат четири механизми: приврзаност и посветеност кон семејството и кон заедницата, учество во социјалниот живот во рамките на заедницата и верба во вредностите кои таа заедница ги промовира.

Доколку тие варијабли (приврзаност, посветеност, учество и верување) се послабо изразени кај поединците, се зголемува можноста за развој и манифестирање на деликвентно однесување. Во тој контекст, превентивната стратегија за редукција на криминалот треба да биде насочена кон „реинсталација“ на врските и односите меѓу поединецот и неговата заедница.[34]

4.1. Закани за безбедноста во заедницата

[34] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

Безбедни средини за живеење се природната и општествената околина во кои граѓаните живеат, се движат, работат без страв од повреди, закани, штети за себе, за семејството и за другите, и оттука сè она што предизвикува страв, влијае врз нивната безбедност.[35] Доколку го исклучиме факторот виша сила, тогаш човечките поведенија се главните предизвикувачи на стравот, а меѓу нив најголем е стравот од напади и закани врз имотот, животот и телесниот интегритет што подразбира страв од криминални и други девијантни однесувања. Токму криминалот, нарушувањето на јавниот ред и мир и стравот од криминал се основните загрозувачи на безбедноста во заедницата и главни „грижи“ на локалната заедница која се повеќе издвојува време, пари и човечки ресурси за нивно сузбивање и спречување. Земајќи ги како почетни точки во процесот на нивна контрола, примарно е тие да се дефинираат и разберат од сите инволвирани страни.

Криминалот не можеме да го разгледуваме само како статистика во органите на казненоправниот систем. Уште помалку можеме да го гледаме само како индивидуално човеково поведение што е инкриминирано во казненото законодавство. Ограничувањето само на законските елементи на кривичните дела (место, време, начин на извршување, последица) значи разгледување само на одредени ситуациони фактори кои влијаат врз извршување на кривичните дела, односно на техниките и средствата со чија помош тие се извршуваат. Исто така, свртувањето само кон сторителот и кон неговата одговорност дава краткорочни резултати, во смисла на оневозможување тој да врши кривични дела додека е лишен од слобода. Но, неговото казнување и затворање, не го решава проблемот, туку го остава настрана. И сè додека се мисли дека казненоправниот систем може сам да го намали криминалот, тој истовремено расте. Тоа е во согласност со новите криминолошки теории, пред сè на радикалната и на миротворната криминологија коишто поаѓаат од тезата дека традиционалниот казнен систем е насилен и предизвикува страдање.[36] „Поточно, репресивната политика на казнените системи изразена преку репресивни мерки на општествена контрола и преку формални и строги судски постапки докажа дека казните не го намалуваат криминалот, постапките се стигматизирачки за сторителот и не прават ништо за жртвата“.

Покрај справувањето со последиците, уште побитен пристап во разбирањето на криминалот е свртувањето кон неговите микро и макро причини, коишто се комплексни и треба да се анализираат од повеќе пристапи, како на национално, така и

[35] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[36] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

на локално ниво. Имено, бидејќи криминалот е општествена конструкција, тој е тесно поврзан со социоекономските, политичките, културните услови во едно општество на макро и на микро ниво. Процесите на урбанизација и миграција, иако се позитивни општествени процеси, можат да предизвикаат големи тектонски пореметувања во градовите кои можат негативно да влијаат врз нивната безбедност. Зголемување на густината на населението, нерешените станбени услови, злоупотребата на работниот труд, невработеноста, сегрегацијата , отуѓувањето меѓу луѓето влијаат врз слабеење на семејните врски и на човечката комуникација, и со тоа на неформалната општествена контрола.

Покрај тоа, воспитната запуштеност, ограничените образовни можности, недостатокот на поддршка од заедницата, во корелација со други ризик фактори предизвикува социјална дезорганизација, што според застапниците на теориите за социјална дезорганизација, влијае врз криминалот во едно општество.

Второ, прифаќајќи ја чикашката школа, одредени карактеристики на градот влијаат врз криминалот и врз девијантните однесувања. Конкретно, градот влијае врз стабилноста и пореметувањето на дотогаш воспоставените општествени односи и функционирање на институциите. Или, имајќи ја предвид теоријата за дизајн на средина, архитектонскиот дизајн на одредени простори во градот е поврзан со одредени криминални однесувања.[37]

Стравот, од друга страна, е значаен индикатор за безбедноста во една заедница и, иако станува збор за чувство, тој може да биде предизвикан од различни извори. Тоа подразбира дека зголемената стапка на криминал не мора да значи и зголемен страв од него. Во некои случаи постои дисконтинуитет, односно обратнопропорционален однос помеѓу стапката и стравот од криминал. На пример, официјалните статистики во САД кажуваат дека во периодот од 1995 до 2005 година стапката на виктимизација од насилни и имотни деликти постепено се намалува, а стапката на страв од криминал не се намалува. Или понекогаш, намалените кривични дела во едно соседство не ги охрабрува граѓаните повторно да излезат на улица и слободно да се шетаат. Ова оди во прилог на тезата дека криминалот не е само бројка, и дека криминалот и стравот од него не треба да се изедначуваат, туку да се разгледуваат и истражуваат посебно.

[37] Чикашката школа се јавува во 20-тите година во Чикаго поради зголемените миграциони движења и порастот на криминалот во одредени зони во градот

Прифаќајќи го претходно наведеното, произлегува дека субјектите кои се одговорни за безбедност во заедниците треба да ги адресираат сите околности поврзани со криминалот. Во таа мрежа на заштитни механизми, полицијата има значајно место, којашто, како извршен орган во една држава, е најповикана да се справува се заканите по безбедноста во една заедница.[38]

Меѓутоа, дали таа може сама да го адресира криминалот, неговите причини и последици? Токму со ова прашање се занимава истражувањето застапувајќи ја тезата дека ниту полицијата, ниту другите органи од казненоправниот систем не можат сами да се справат со криминалот. Дури и да се бара тоа од нив, не можат бидејќи имаат ограничени знаења, надлежности, капацитети и ресурси.[39]

4.2. Реактивно и проактивно полициско работење и превенција на криминалитетот

Прифаќајќи дека превенцијата на криминалитет претставува динамичен процес кој вклучува вкупност на мерки и активности насочени кон намалување на криминалот, неговите последици, жртвите од криминал, и кон отстранување или ублажување на причините и ризик факторите кои доведуваат до криминални и други девијантни појави, тогаш, полицијата е еден од механизмите која активно учествува во тој процес. За нејзиното значење и за степенот на инволвираност како дел од мултисекторскиот пристап во превенција на криминалитетот, во стручната литература се забележуваат повеќе ставови, во зависност од пристапот и целта кон која се насочени превентивните мерки.[40]

Во таа смисла, основна е поделбата на социјална и на ситуациона превенција, бидејќи полицијата свое значајно и примарно место зазема кај ситуационата превенција. Таа подразбира преземање мерки и активности насочени кон уредување и менување на физичката средина и со одредени ситуации со што се намалуваат можностите за извршување на кривични дела, односно се зголемува можноста сторителот биде фатен за време на извршување на кривичното дело. Ситуациониот пристап се базира врз претпоставката дека ситуациите се попредвидливи од

[38] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.
[39] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[40] Peter J. Carrington, Jennifer L. Schulenberg, (2003), Organizational factors affecting police discretion, Report to the Department of Justice Canada, страна 174

однесувањето на луѓето и тој експлицитно бара планирање и анализа на специфичните криминални ситуации и развива превентивни стратегии кои се однесуваат на тие ситуации.

Ситуационата превенција значи дека решението мора да се бара во конкретна ситуација која ја олеснува криминалната активност.

Во тој дел, повикувајќи се на дводимензионалната класификација на Ван Дајк и Де Ваард (1991), полицијата е основен носител на одредени ситуациони мерки кои подразбираат физичко присуство или насочено патролирање кон ризични места, односно места за кои постои сознание дека се жаришта за извршување одредени кривични дела. Во првиот случај станува збор за полициско присуство и патролирање на одредени места за кои постои ризик од нарушувања на јавниот ред и мир (на пример, поставување училишен полицаец во близина на училиштата или зголемено присуство на одредени групни настани и манифестации). Во вториот случај, полицијата врз основа на мапирање на криминалот, презема соодветни мерки на засилена контрола и надзор на одредени локации.

Последното претставува една од основните функции на полицијата насочена кон откривање на кривичните дела и на нивните сторители како орган на казненоправниот систем. Нејзината откривачка функција, т.е. ефикасноста во расветлување на случаите може да има генерално-превентивен ефект врз потенцијалните сторители преку ефектот на застрашување. Тоа значи спречување на идното престапништво и одвраќање на потенцијалните сторители од сторување кривични дела поради страв дека полицијата ќе ги открие и уапси. Значи, интервенциите насочени кон обезбедувањето на одредени места, контролата на одредени лица, засилениот полициски надзор и мерките насочени кон одржувањето на јавниот ред и мир се дел од ситуационата превенција, но тие се повеќе реактивно насочени што значат интервенирање по одреден настан. Исто така, тие се дел од традиционалниот пристап на полициското работење во функција на откривање на кривичните дела. Американската полиција тој пристап го именува како crime fight пристап насочен кон борба на криминалот за кој се вршени низа истражувања со цел да откријат дали тој пристап има превентивни ефекти, односно дали влијае врз намалување на стапката на криминал.[41]

[41] Дојчиновска, Р. (2013). Основи на превентивно полициско работење, Отсек за превенција и ПСОН – СВР Скопје, стр. 10.

Од друга страна, доколку ги прифатиме превентивните пристапи на ОН (2002) полицијата, исто така, е дел од превенцијата на криминал базиран на заедницата. Тој пристап подразбира склучување партнерства и колективен одговор на криминалот и, во тој дел, полицијата е интегрален дел на тие партнерства. Меѓутоа, нејзината улога е битно различна, односно од неа се бара проактивно дејствување што подразбира преземање чекори пред да се случи криминалниот настан. Тој пристап се фокусира на превенција на криминалитетот, на идентификување на неговите причини и ризик фактори и на решавањето на проблемите во заедницата. Имајќи го предвид претходното, можеме да се согласиме дека полицијата има улога на носител, но и на партнер и соработник со заедницата при спроведувањето на превентивните мерки за превенција на криминалитетот.

Во магистерскиот труд, понатамошната дискусија ќе ја ограничиме на проактивната улога на полицијата во превенцијата на криминалот базирана на заедницата.

Во таа смисла, нејзината улога не се одредува само преку реактивниот пристап при остварување на нејзините основни полициски работи определени со Законот за полиција, а тоа се заштита на основните човекови слободи и права, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните (иако првата ја супсумира и втората), одржувањето на јавниот ред и мир, откривањето на кривични дела и сторители и укажување помош и заштита на граѓани во случај на неопходна потреба. Полициските работи добиваат поголема ширина и опсег и тие сè повеќе опфаќаат и активности насочени кон спречување на ризици, фактори и закани, решавање проблеми на граѓани и проблеми во заедницата кои го намалуваат квалитетот на живот и го зголемуваат чувството на страв, како и активности насочени кон ранливите категории граѓани.[42] Оттука, улогата на полицијата не се ограничува само на законски дефинираните полициски овластувања, туку од неа се бара проактивно учество во остварувањето на концептот превенција на криминалитетот базиран на заедницата. Тоа е можно единствено преку соработка со заедницата и приближување до граѓаните, но нивната улога не смее да се гледа како извор на информации или како оштетени граѓани на кои им треба непосредна помош.

Суштината на учеството на заедницата е во охрабрувањето и засилувањето, во давањето право на „глас“ и удел во адресирањето и решавањето на проблемите

[42] Braga Anthony A. (2002). Problem-oriented policing and crime prevention, Criminal Justice Press Monsey, New York, U.S.A.

лоцирани во заедницата. На тој начин се остварува принципот на поделена општествена одговорност во превенција на криминалитетот.[43]

4.3. Криминологија на околината и нејзиното влијание врз полициската работа

Криминологијата како наука, преку голем број теории (често спротивни една на друга), одигра незаменлива улога во научното објаснување на криминалот и делинквенцијата и на можноста за негово откривање и спречување. Еден криминолошки правец на научната сцена ја исфрли криминологијата на околината што претставува збир на теории кои делат заеднички интерес за криминалниот настан и за актуелните околности во кои тој се појавува, се развива и опстојува.

Според Брантингам и други, „криминологијата на околината своето внимание првенствено го посветува на криминалните настани кои треба да бидат разбрани како меѓувлијание и меѓузависност на сторителите, жртвите или криминалната цел и законите создадени во специфични конкретни околности во одредено време и простор“. Во основа, оваа теорија криминалот го објаснува преку влијанието што го има околината врз него. Утврдувањето на одредени правила кои постојат во природното и социјалното опкружување овозможува да се направи предвидување на идните криминални проблеми и да се овозможи градење стратегии кои можат да бидат применети во превенција на криминалитетот.

Предметот на криминологијата на околината остро се разликува од предметот на другите криминолошки приоди. Традиционалните криминолошки теории се преокупирани со криминалот и бараат објаснување како биолошките фактори или социјалните фактори креираат сторител на кривично дело.[44] Појавата на криминал најчесто ја разбираат како израз на девијацијата на личноста на криминалецот која можеби е резултат на одредени настани кои се случиле уште во неговото рано детство. Според овие теории, кога ќе се оформи криминалното однесување кај едно лице, извршувањето на кривично дело помалку или повеќе може да биде очекувано. Превенцијата на криминалот во овие теории се гледа во рамките на менување на вредностите што ги има сторителот, нудејќи му програми за рехабилитација.

[43] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[44] Brantingham, P. L., Glässer, U., Kinney, B., Singh, K., &Vajihollahi, M. (2005). Modelling urban crime patterns: Viewing multi-agent systems as abstract state machines. In Abstract State Machines (pp. 101–118), стр. 101.

Од друга страна, криминологијата на околината го зема кривичното дело како објект на интерес. Сторителот е само еден елемент од криминалниот настан, а тоа како тој станал криминалец во оваа теорија е од второстепено значење. Централниот интерес е посветен на актуелната динамика на криминалното дело и тоа каде се случило, кога се случило, кој бил инволвиран во него, што направиле учесниците во кривичното дело, зошто го направиле тоа и како се справуваат со стореното.

Целта на оваа теорија е да создаде рамка за превенција на криминалитетот, а не да го ресоцијализира сторителот.

Таа се темели на три основни премиси:[45]

1. Криминалното однесување е сигнификантно одредено од природата на непосредната околина во кое тоа се јавува. Од ова произлегува дека криминалниот настан е резултат на индивидуалните карактеристики на сторителот и од бројни елементи присутни на криминалната сцена.

Целта е да се објасни како моменталните состојби во опкружувањето може во себе да содржат криминогени фактори.

2. Дистрибуцијата на криминалот во времето и просторот не е случајна, бидејќи криминалното однесување е во зависност од ситуационите фактори.

Кривичните дела ќе бидат концентрирани околу одредени можности за криминал, односно еколошки карактеристики кои ја помагаат криминалната активност. На пример, обемот на криминал се разликува од населба до населба, од улица до улица, се разликува во однос на времето во денот, се разликува во однос на деновите во неделата и неделите и месеците во годината, па затоа задачата на криминалистичката анализа е да ги идентификува и објасни овие криминални шаблони.

3. Осознавањето на улогата на околината како криминоген фактор и значењето на криминалните шаблони е силно средство во истрагата, контролата и превенцијата на криминалот. Ова знаење ѝ овозможува на полицијата да ги концентрира ресурсите на конкретен криминален проблем на конкретна локација. Менувањето на криминогените елементи од конкретна околина може да ги намали кривичните дела на тој простор. Криминологијата на околината и криминалистичката анализа создаваат практично решение за полицијата за решавање на криминалните проблеми.[46]

[45] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[46] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип, страна 166.

Перспективата на криминалот од агол на криминологија на околината има влијание не само врз криминолозите и полицијата, туку и врз експерти од социологијата, психологијата, географијата, архитектурата, урбанизмот, индустрискиот дизајн, компјутерските науки, демографијата, политичката наука и економијата.

Брантингам и Брантингам идентификувале три нивоа на анализа од перспектива на криминологија на околината: макро, мезо и микро. Макро анализа проучува дистрибуција на криминалот меѓу повеќе земји, меѓу делови од една држава, региони во рамките на одредена држава или меѓу одделни градови во рамките на државата. Анализата на ова агрегатно ниво е првиот начин на концептуализација на еколошкото влијание на криминалот.

Истражувањата од овој вид се и првите научни криминолошки истражувања, а со тоа и втемелувачи на криминологијата како наука. Уште во првата половина на осумнаесеттиот век Гери и Кетел, независно еден од друг, извршиле детална анализа на криминалот во Франција. Од нивното истражување за прв пат се добиени примери на карти на криминалот и неговиот обем во различните провинции во Франција.

Гери и Кетел ја правеле географијата на криминалот обработувајќи социо-демографски податоци (наталитет и морталитет, големина на популацијата, старосна и полова структура на населението во Франција) како и податоци за распространетоста на сиромаштијата, нивото на образование на населението во одделните провинции, климата и годишните времиња и утврдиле дека дистрибуцијата на криминалот е различна од провинција до провинција и дека насилниот криминал бил поголем во сиромашните рурални средини, а имотниот криминал бил поголем во богатите и индустриски средини. Со тоа покажале дека не е точно дотогашното убедување на криминолозите дека сиромаштијата е причина за имотниот криминал, туку дека причина за овој криминал е постоење на можноста, целта на напад, а тоа значи дека побогатите делови од градот или побогатите провинции во Франција нуделе можности затоа што во побогатите куќи имало што да се украде.

Разгледувајќи ги начините за адаптација на индивидуата во културно ориентирано општество или група, Мертон одредува пет категории: конформизам, иновација, ритуалност, повлекување и побуна, кои се однесуваат на прилагодување кон одредена улога во одредена ситуација, а не на личноста на идивидуата in toto.[47] Во секое општество конформизмот е широко распространет што всушност овозможува да

[47] Bo Lawrence W. Sherman, (1995). Hot spots of crime and criminal careers of places. Crime and place, 4, 35–52, страна 37.

зборуваме дека одредена маса на луѓе претставуваат група или општество. Адаптацијата, според Мертон, преку иновација, ритуалност и побуна, е можна тогаш кога не постојат доволни и достапни институционални средства за постигнување на економски или друг успех.

Неуспешната социјализација може да резултира во иновација преку напуштање на институционалните средства, а задржување на желбата за успех. Целосната асимилација на институционалните барања води кон ритуално почитување на обичаите и нормите, а бунтот се јавува како ослободување од владејачките стандарди кога перспективите на индивидуата се минорни.[48] Поединците кои Мертон ги става во категоријата на повлекување, се луѓе кои ги отфрлаат општествено дефинираните цели и институционалните норми и кои, и покрај тоа што живеат во општеството, се целосно „отуѓени луѓе“ (зависници од алкохол, дрога, лица со психички болести). Стабилна општествена структура не е можна кога постојано се зголемуваат средствата и методите на институционална контрола, а желбата за добивка и стравот од казна претставува единствена регулирачка сила во општеството.

Криминологијата на околината, исто така е присутна во одредени истражувања во Англија на почетокот на деветнаесеттиот век (Патрик Колкаун во 1800 година направил анализа на криминалот во Лондон), кои покажале различна дистрибуција на криминалот во земјата, при што имотните деликти биле најчесто застапени во урбаните средини.

Мезо анализата на криминалот се занимава со помали територии како што се конкретни улици или конкретни места на тие улици. Оваа анализа може да се спроведе од два аспекта, социолошки и архитектонски.

Социолошкиот аспект се однесува на човековото однесување во рамките на урбаните заедници и на ефектот што урбанизацијата го има врз криминалните активности и другите форми на девијантност. Голем број истражувања спроведени во САД (како на претставниците на криминолошката школа во Чикаго) покажале дека градските урбани населби може да се поделат во неколку концентрични зони во однос на загрозеноста од криминалот. Овие истражувања (како што е истражувањето на Клифорд Шоу и Хенри Мек Кеј за општествените и природните услови на градските населби) покажале дека и покрај тоа што сиромашното население се наоѓа во поодалечените зони од центарот, имотниот криминал доминира во централните

[48] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

градски подрачја, што е резултат на зголемената фреквенција на тие места, бизнис-активностите, концентрацијата на финансиски, трговски и други центри, што сè заедно создава големи можности за извршување на кривични дела Шоу и Мек Кеј се меѓу првите криминолози кои ги воведоа варијаблите на урбаната екологија во проучувањето на криминалното однесување. Нивните идеи и денес се инспирација за бројни истражувања во САД, Англија, скандинавските земји, преку кои се потврдува корелацијата меѓу обемот на криминалот со социјалната дезорганизација, невработеноста, руинирани и напуштени куќи и згради, нехигиена и неред на јавниот простор и нискиот степен на поврзаност меѓу населението.[49] Волфганг и Коен во 1970-тите години ги истражувале состојбите во афроамериканските гета во поголемите градови во САД, од што заклучиле дека општествено-економските и демографски услови имаат големо влијание врз криминалот во одредена средина.

Населението во гетата, поради блокираноста на легалните можности, било принудено да развива алтернативни механизми за егзистенција кои од воспоставениот поредок биле оценети како девијантни или криминални. Користејќи го знаењето на архитектурата и урбанизмот, некои криминолошки истражувања покажале дека кога одделна улица или објект е изолиран, не е сообраќајно поврзан со околината, се создава чувство на осаменост и изолираност, а луѓето кои живеат на такви места, го губат чувството на заедништво. Таквите средини стануваат погодни за криминален напад.

Од друга страна, оние улици или објекти кои се отворени, со паркови и зеленило, со јавни и бесплатни детски забавни паркови, со добра сообраќајна комуникација, а кои имаат повеќенаменска функција во текот на денот, (на пример, претпладне за бизнис, а попладне за рекреација и забава), создаваат услови за постојана комуникација меѓу жителите на таа населба, а со тоа ги намалуваат и можностите за криминална активност.

Ваквите истражувања продолжиле и во наредниот период, а се вршат и денес со цел да се утврди дистрибуцијата на криминалот, местата, населбите, градовите кои се со поголем ризик, а особено утврдување на најпроблематичните места во ризична населба или улица (hot spots). Затоа, микро анализата се фокусира на специфичните елементи на околината кои имаат директно влијание врз однесувањето на индивидуите.

[49] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134

Оваа анализа се занимава со осознавање на конкретните услови во кои може да се јави криминален настан. На пример, силувањето многу често се јавува на подрачје каде што има воени дејствија и најчесто е извршено од војници кои во други околности никогаш не би сториле такво дело.

Потоа, кражби, разбојништва, насилство, убиства и слично, често се случуваат во неосветлени улици или делови од градот, во близина на објекти кои се нетранспарентни (како фабрички хали, спортски сали, магацини, гаражи кои немаат прозорци спрема улицата), неуредени јавни простори кои се користат за фрлање на смет и слично. Одговор на ваквите состојби понуди криминологијата на околината преку теоријата на рутинска активност, теоријата на рационален избор, теоријата на криминални шаблони, ситуационата теорија на криминалот и превенција на криминалитетот преку дизајн на средината.[50]

Просторот, местото и времето и нивната поврзаност со кривичното дело Криминологијата на околината го анализира кривичното дело од четири димензии: сторител, жртва – оштетен, место – време и правни норми кои важат на местото и во времето кога е извршено кривичното дело.[51]

Проучувањето на местото (локацијата) на извршување на кривичното дело има за цел да ги утврди обрасците каде, кога и како, особено карактеристиките на ситуацијата во која се јавуваат најголемиот број кривични дела.

Со ова, криминалот се разгледува и од географски аспект со што се надополнуваат социолошкиот и индивидуалниот аспект. Ова помага при осознавањето и разбирањето на криминалот, но и во неговата контрола. Проучувањето на местото на извршување на кривичното дело како што се неговите карактеристики (урбана – рурална средина, отворен – затворен простор, сообраќајната поставеност на местото на настанот и можностите кои ги доведуваат извршителот и жртвата на таа локација) местото каде што живеат сторителите и жртвите, сè се тоа елементи кои овозможуваат подобро разбирање на кривичниот настан и подобра контрола на криминалот. Истражувањата на животната средина со цел пронаоѓање на општото движење на луѓето во урбаните средини, социјалната географија, урбанистичките и архитектонските решенија, покажуваат постоење на релација со дистрибуцијата на криминалот во градовите. Кривичните дела не се случуваат случајно, подеднакво во сите градови и населени места, или во животниот век на човекот (поголема веројатност

[50] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[51] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

за виктимизација постои во детството или староста). Исто така, податоците за криминалот покажуваат дека мал број сторители се одговорни за поголемиот дел од познатите злосторства.

Според Брантингам и Брантингам, изборот на местото за извршување на кривично дело може да се опише на следниот начин:

1. Постојат индивидуи кои се мотивирани да извршат кривично дело. Изворите и јачината на мотивацијата се различни, а карактерот на мотивацијата се движи од афективен до инструментален.
2. Доколку постои мотивиран сторител, извршувањето на кривичното дело ќе биде резултат на повеќестепен процес на одлучување кој во основа опфаќа барање жртва во рамките на одреден простор и одредено време.[52] Доколку се работи за афективна мотивираност, одлуката се носи најчесто веднаш, а во случај на инструментална мотивација, одлуката поминува низ голем број нивоа на одлучување.
3. Животната средина емитира многу сигнали кои се однесуваат на нејзините физички, просторни, културни, правни, психолошки и други карактеристики кои може да бидат генерални или детални.
4. Мотивираниот сторител ги препознава и користи различните знаци од животната средина за да пронајде и одбере погодна жртва.
5. Колку е неговото искуство поголемо, толку подобро може да ги препознае знаците кои ќе го упатат кон соодветната жртва, а со повторување на злосторствата, сторителот создава сопствен модел, свесно или несвесно, сеедно.
6. Кога еднаш сторителот ќе создаде свој модел, тој влијае врз неговото идно однесување и му служи како средство за зајакнување на мотивацијата.

Како генератори и создавачи на можности за криминалот често се јавуваат простори, време и место во кои престојуваат голем број луѓе, кои заедно стануваат атрактивни точки за сторителите на одредени кривични дела.[53]

Кон крајот на дваесеттиот век, Фуко го најави настапувањето на „ерата на просторот“. Просторот во кој живееме, вели тој, е простор на нашето време и историја... ние не живееме во некоја празнина, туку во внатрешноста на множество релации, во кои просторот ни се открива во форма на релации помеѓу локациите. За Фуко, просторот е во основата на секој облик на живот на заедницата и просторот е во

[52] Paul Brantingham and Patricia Brantingham, (2008), Crime pattern theory, во Richard Wortley, Lorraine Mazerolle-Editor, Environmental Criminology and Crime Analysis, Willan Publishing, страна79.
[53] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

основата на секое практикување на моќта.[54] И не е случајно што италијанската, руската и другите криминални и терористички организации (како Ал Каеда) успеваат да опстојат и покрај сите државни интервенции против нив, во најголем дел затоа што запоседнале простор кој им овозможува безбедно криминално или терористичко работење.

[55]

V. Карактеристиките на полицијата во нашата земја

Полицијата според мислења во академската средина го претставува присуството на политиката во секојдневниот живот – таа го симболизира капацитетот на државата да интервенира и да се грижи за безбедноста на нејзините граѓани. Државата, преку контролата на општествените односи го обезбедува редот во функционирањето на општеството.

Распространето е мислењето дека општествената контрола се проширува. Според Коен, контролниот систем користи неколку нивоа на контрола при што оној субјект кој ќе потпадне под едно ниво може да биде префрлен во друго, но најчесто со поинтензивна форма на контрола.

Карактеристично е тоа што новите форми на контрола не ги заменуваат старите, туку само се надоврзуваат и надополнуваат. Традиционалните пристапи кон контролата на девијантноста и понатаму се користат, но зголемено ги придружуваат новите законски одредби за одредување што е прифатливото однесување на индивидуата и создавање на нови државни агенции со контролни задачи. Контролата се објаснува со проблемот со криминалот и поврзаниот со него феномен на страв од криминал.[56]

Интересна е ситуацијата со воведувањето на моделот на полициско работење со заедницата (community policing) кој создава ситуација во која, спроведувајќи ги партнерските проекти за контрола на криминалот и нарушувањата на јавниот ред, ги доведува луѓето во ситуација да бидат субјект на контрола но едновремено и да

[54] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[55] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[56] Пошироко во Martin Innes, (2003), Understanding social control: Deviance, crime and social order,,Open University Press, страна144

учествуваат во спроведувањето на контролата на другите и на себе самите. Едновремено, новите форми на ризик овозможуваат градење на посебен начин на размислување за потенцијалните проблеми и предмети кои би биле контролирани и за последиците што можат да бидат предизвикани со имплементирањето на поединечни стратегии и проекти. Во основа тоа овозможува предвидување и антиципаторска епистемиологија која може да биде во функција на контрола на идните закани и проблеми. Се докажа дека ризикот е многу важен елемент на трансформацијата на општествената контрола.

Полицијата го претставува капацитетот на државата да се одвратат граѓаните од преземање активности кои го загрозуваат воспоставениот ред. Од полицијата се очекува да го спречи криминалот, да го спречи неморалот, да ги спречи лошите намери или завери за правење криминал. Нефункционирање на полицијата може да се гледа како знак за ранливост на општеството, како слабост на светите морални вредности врз кои е засновано општеството и знак на намален капацитет да се спречат ваквите акти.
Од полицијата често се очекува да дејствува брзо, што оневозможува да се предвидат можните последици, односно таа да постапува согласно формалниот законски мандат. Според Манинг, полицијата, како и другите професии, „се справува со неизвесноста во својата работа со манипулативни симболи и реторика со намера да ги претстави своите активности како координирани, рационални и доследни. Ова го зајакнува, со одржување на внатрешна согласност и лојалност, одржувањето на легитимитетот што е една од основните обврски на раководството на полицијата“.

Во демократско општество, овластувањата, целите и методите на полицијата треба да се во функција на промовирање на индивидуалните слободи, јавната безбедност и социјалната правда. Заштитата на човековите права и слободи некои ги гледаат како поединечно најважната цел на полицијата. На пример, Националната комисија на САД за надгледување на стандардите и целите на кривичното право истакнува дека: „Доколку целите на полициската служба треба да се опишат со една единствена цел, таа цел би била да се сочува мирот на начин кој е во согласност со слободите гарантирани со Уставот.“[57]

Актуелните состојби со криминалот ја наметнуваат потребата полицијата да биде проактивна и посензитивна кон потребите на граѓаните, за што е потребна промена во нејзината социјална и формална организација. На социјално ниво, треба да

[57] Reports of the National Advisory Commission on Criminal Justice Standards and Goals (USA) (1973), страна 9

се надминува воспоставената бариера меѓу граѓаните, јавноста и полицијата, а на организациско ниво промената треба да се движи од напуштање на бирократската и крута организација, кон недвосмислено поголема интеракција меѓу полицијата и социјалната околина во која работи, што ќе биде поддржано со намалување на значењето на полициската хиерархија, а со развој на соработката со сите јавни и приватни агенции кои влијаат на безбедноста на локално или пошироко ниво. Новиот начин на извршување на полициските работи подразбира посветени, оспособени и аналитични полициски службеници, создавање на нова работна атмосфера во која новите вредности во извршување на полициските функции ќе се појават во менаџирањето и тактиката на полицијата. Треба постепено да се напушта полициската хиерархија која ја дели внатрешната структура на полицијата, како и културата на традиционалните полициски вредности (како што се авторитет, фокусираност на опасностите и ефикасност) во извршување на задачите, со поголема посветеност на превенцијата на криминалот, а не само на неговото откривање.

5.1. Полицијата како државен орган

Државните органи се јавуваат како основен елемент на структурата на државната организација. Државниот орган врз основа на закон располага со сопствена структура и точно определени овластувања во управувањето со определена сфера од општествениот живот. Постојат две спротивставени гледишта за поимот на државен орган. Според едното, државниот орган се изедначува со поединците кои извршуваат државна власт, а второто гледиште смета дека поединците во државната служба можат да бидат само службени лица-извршители, а организационите единици се основен елемент на државниот орган и во него службените лица можат да извршуваат определени со закон конкретни државни дејствија.

Опстанокот на една држава е тесно поврзан со армијата и полицијата. Вооружени органи се оние кои располагаат со средства за физичка принуда и вооружени лица. Незаменлив дел на секоја држава се нејзините вооружени организации и органи кои по потреба, спроведувајќи ги уставните и законските норми

и врз основа на нив добиени овластувања, можат да применат средства за физичка принуда.

Полицијата кога е организирана и функционира како бирократија, може да управува на различен начин. Таа може да се наметне и во автократски и во демократски системи и да функционира независно, бидејќи контролата врз бирократско-централизирани структури е недофатлива за граѓаните, невладините организации или за локалните заедници.[58] И покрај тоа што за овој став може да се каже дека е претеран и недоволно научно фундиран, тој е сепак пореален од теориите кои се појавија во 19 и 20 век кои истакнуваат дека водечка улога во општеството и државата има парламентот во кој седат избраниците на народот и одлучуваат за важните државни работи и дека парламентот е државата, а владата и министрите се негови слуги или слуги на народот. Резултатите од функционирањето на парламентот во Третиот Рајх се доволна аргументација за валидноста на погорното тврдење, а искуството од методите и средствата со кои се користеше Гестапо во својата работа се историско наследство кое помага да се разбере кои се опасностите кога полицијата ќе се инструментализира за лични, групни или партиски интереси, со помош на централизирана бирократска организација за командување и извршување на наредбите на бирократската хиерархија.[59]

5.2. Полициска организација

Кога се создавала Метрополитен полицијата, Роберт Пил сметал дека таа мора да биде стабилна, ефикасна и организирана како војската. Изборот на воено-бирократски модел на организација на полицијата произлегува од сличноста на работењето со воената полиција, а особено поради отсуство на алтернативен модел во тоа време. Воениот модел понудил организациска стабилност, изградени форми на административна контрола, мерки за дисциплинирање на персоналот, процедури и формални правила, авторитет и техничка специјализација. Ваквата организациона поставеност на т.н. нова полиција и овозможила да ги уредува внатрешните односи без директно машање на политиката.

[58] R.I.Mawby,(2003), Policing across the World: Issues for the Twenty-first Century, UCL Press Limited, страна 69
[59] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

Бирократската полициска организација во тоа време создавала простор за административна и оперативна автономија, но и зголемено користење на науката и техниката, што создала можност на т.н. нова полиција да го промовира бирократскиот професионализам кој дејствува без поголемо влијание на заедницата и политиката.

Комбинацијата на воените и бирократските организациски принципи го создадоа основниот модел на конвенционална полициска организација која ги добила следните карактеристики:[60]

- Структура заснована на авторитетот на чиновите, поголем чин поголема власт;
- Централизирана служба во која сите важни одлуки се носат од врвот на хиерархијата;
- Раководењето се засновало на наредби и контрола на извршената наредба, со користење на формални правила и наградување на оние кои ги почитуваат правилата и казни за оние кои ги прекршуваат;[61]
- Пирамидална организациона структура каде врвот одлучува и ги контролира сите полициски активности и операции, или менаџирање од врвот надолу;
- Висока формализираност во работењето, потпирање на писмена комуникација, правила, процедури, политики и слично;
- Специјализација на повеќе административни и оперативни функции;
- Користење на техника и технологија;
- Нефлексибилна организациска структура, отпорна на промени;
- Затвореност спрема влијанија од надвор.

Конвенционалната полициска организација, иако настаната во одредени историски услови и состојби во Англија, изврши големо влијание на полициите во Европа, Канада, Австралија и Америка. Хиерархиската структура, блиска до воената, распоредување на моќта според чинот, сомничавост кон промени различни од бирократските правила се карактеристика и на современите полиции во светот.

Многу земји во светот имаат воспоставено централизиран национален полициски систем, како главно средство за спроведување на законските надлежности. Овој модел на организација своите корени ги има во римскиот начин на извршување на полициските работи, при што централната влада ги создава полициските сили.

[60] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.
[61] Christopher Murphy, Paul McKenna (2007) Rethinking Police Governance, Culture & Management, RCMP, Canada, страна 9–10

Денес ваквиот приод кон организацијата на полицијата може да се најде и во демократски и во недемократски држави. Централизираниот полициски систем е контролиран, координиран и администриран од централната влада.[62]

5.3. Влијание на организацијата на полицијата врз полициското работење – нов модел на работа бара нова организација

Во почетокот на деведесеттите години на минатиот век, голем број земји во светот го напуштија традиционалниот, реактивен и контролен начин на извршување на полициската работа со имплементирање на т.н. работа на полицијата во заедницата. Развојот на овој модел на полициска работа условуваше реформи во повеќе сегменти на полицијата, особено во нејзината организација.

Свртувањето од традиционалното работење во community policing подразбира промени во: организацијата, во односите со заедницата, користењето на овластувањата, изборот на методите и средствата за работа, во обуката на полициските службеници и во начинот на регрутирање на нови припадници на полицијата. Генерално, традиционалната полициска работа може да ја окарактеризираме како модел на контрола на криминалот, додека пак, работата на полицијата во заедницата претставува комбинација на одржување на редот и давање сервисни услуги на заедницата.

5.4. Реформите на полицијата на РСМ

Реформите без воспоставена легислатива, не ги задоволија потребите за да се постигне општата цел, а тоа е зголемен внатрешен и надворешен кредибилитет на полицијата како институција.

Воспоставените главни приоритети за развој и реформи на македонската полиција се претпоставка за создавање систем на независна контрола врз полицијата што ќе биде во функција на јакнење на јавната доверба во работата на полицијата.

Имено и од денешен аспект, главни стратегиски цели се:

(1) Јакнење на довербата меѓу полицијата и граѓаните како приоритетна задача и создавање активно партнерство во градењето безбедна средина за живеење.

[62] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134

(2) Зајакнување на капацитетите на полицијата за проактивно дејствување и превенирање на криминалот како претпоставка за одржлив јавен ред и мир и намалување на потребата за полициска интервенција.

(3) Развивање на законска рамка што ќе ја овозможи демократската позиција на полицијата во општеството.

(4) Намалување на стравот од криминал преку намалувањето на стапката на сторени кривични дела и зголемување на ефикасноста во расветлувањето на кривичните дела и откривањето на сторителите на кривични дела, како и намалување на антисоцијалното однесување во заедницата.

(5) Соодветна регрутација на кадети за полициски службеници и развивање ефикасен систем на едукација во кој приоритет ќе биде развивањето позитивни ставови во вршењето на полициската служба, развивање соодветни вештини за правилна примена на полициските овластувања и стекнување знаења за доследна примена на законските одредби според кои постапува полицијата – Основната цел на реформите во полициското работење е полицијата да стане основна, корисна страна за јавноста (од неа да се плашат само криминалците).[63]

Применувајќи го ова треба да се промени претставата за полицијата како реактивна организација и да се афирмира улогата на полицаецот како проактивен субјект, кој самиот ќе одлучува за моментот, за видот на акцијата и за спроведување на законот. Потоа во овој дел од мојот магистерски труд опфатена ќе биде и точката за Организација, структура и функција на полицијата. Полицијата во Република Северна Македонија, според задачите и дефинираните надлежности и функции е компатибилна со полициите од континенталниот правен систем, каде што основните функции на полицијата се спречување и откривање на кривичните дела, како и одржување на редот и мирот.[64] Иако главна заложба е да се развива концептот на полициско работење во заедницата, што е карактеристика, пред сè на полициите од англосаксонскиот правен систем, не може да се каже дека постои компатибилност и применливост на функциите на полицијата кои се карактеристика за полициите ориентирани кон работа во заедницата.[65]

[63] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.139–142
[64] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[65] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

Во Република Северна Македонија полицијата ги црпи полициските овластувања од: Законот за кривична постапка, Законот за полиција, Законот за внатрешни работи, Правилникот за начинот на вршење на полициските работи.[66]

VI. Состојбата со пријавениот конвенционален криминал во РСМ

Иако, врз состојбата со криминалот влијаат многу фактори надвор од казненоправниот систем, сепак достапните податоци за движењето на пријавениот криминал во Република Македонија се индикатор за ефикасноста на казненоправниот систем да се справи со него, и со тоа да ја оствари својата заштитна и превентивна функција. Во таа насока, анализата на состојбата со пријавениот криминал во периодот од осум (8) години, од 2012 до 2020 година покажува дека бројот на сторители кои се пријавени до Јавното обвинителство бележи тренд на зголемување кај полнолетните сторители. Имено, бројките на пријавени сторители на кривични дела во надлежните јавни обвинителства во период од осум години покажуваат дека има константно зголемување на пријавените сторители до 2019 година, додека во 2020 година бележи зголемен пад за 11.095 пријавени сторители.

Во однос на насилничкиот криминалитет, бројките покажуваат благо намалување на одредени дела за сметка на зголемување на други дела. На пример, зголемување на сторители за телесната повреда, а намалување за тешката телесна

[66] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

повреда. Или намалување за загрозувањето со опасно орудие при тепачка или каранница, а зголемување за делото загрозување на сигурноста. Статистиката исто така покажува намалување на сексуалниот криминалитет, особено во последните пет (5) години. Иако во Кривичниот законик се внесени нови кривични дела, намален е бројот на сторители за силување, полов напад врз малолетник кој не наполник 14 години, посредување во вршење проституција и родоскврнавење. Исто така, во последните две години не се регистрирани сторители на прикажување порнографски материјал на дете и на производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем. Ваквата состојба е поврзана и со заострената казнена политика за тие облици на криминал, бидејќи должината на казната затвор е зголемена и за четири пати во период од 10 години. Во однос на класичните имотни кривични дела (кражба, тешка кражба, разбојништво и разбојничка кражба), бројките покажуваат константно зголемување до 2019 година, за во 2020 година тие бројки драстично да се намалат. На пример, во 2019 година се пријавени 432 сторители за разбојништва, додека во 2020 година нивниот број е двојно намален и се пријавени 243 сторители. Слично и со другите дела. Иако казнената политика за овие дела е заострена, и тоа за одредени облици на делата разбојништво и разбојничка кражба, од минимум една на минимум пет години (со измените во 2012 година), сепак треба да се следи нивното движење и да се спроведат други истражувања за да се утврди дали заострувањето има специјално и генерално превентивен ефект. Намалување на бројот на сторители во последните три години се забележува и кај делата поврзани со неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, како и со овозможување нивно користење, иако генерално нивниот број од 2012 и 2013 година е зголемен. Имено, со заострувањето на казнената политика во 2012 година (од минимум една на минимум три години) се забележува намалување на нивниот број. Во однос на кривичните дела против јавниот ред, исто така, во 2020 година се забележува намалување на бројот на сторители за злосторничко здружување, како и за недозволено држење оружје или распрснувачки материјали, а во однос на кривичните дела против човечноста и меѓународното право, зголемен е бројот на криумчарење мигранти.

Бидејќи криминалот е условен од голем број фактори, тешко е да се утврди кои фактори и до кој степен се поврзани со намалувањето, односно зголемувањето на криминалот. Сепак, намаленото или зголеменото присуство е индикатор за тоа дали

воопшто инкриминирањето на делата и заострувањето на казнената политика има застрашувачки и одвраќачки ефект врз сторителите и потенцијалните сторители.

Во однос на зголемената кривичноправна заштита на семејното насилство, односно воведувањето потешки облици на основните кривични дела при вршење на семејно насилство, податоците од пријавени кривични дела во Министерството за внатрешни работи за периодот 2012 – 2015 покажува дека нивниот број се зголемува.[67] Таквата состојба е индикатор дека, зголемената кривичноправна заштита нема значаен превентивен ефект, иако врз намалувањето, односно зголемувањето на семејното насилство влијаат и други фактори, надвор од казненоправниот систем. На пример, како резултат на кампањите за охрабрување на жртвите да го пријават семејното насилство, бројот на пријавени дела може да биде зголемен.

6.1. Состојбата со осудени лица и со изречени кривични санкции во Република Северна Македонија

Казненоправниот систем постои и функционира под претпоставка дека изрекувањето на кривичните санкции ќе ја остварат својата цел: изречената казна да го застраши и одврати конкретниот сторител од повторно извршување кривично дело и да ги застраши и одврати и другите потенцијални сторители од криминал. Покрај наведениот концепт на застрашување, сторителите се казнуваат, односно им се изрекуваат казни затвор, за во периодот на затворање, да се онеспособат да вршат кривични дела (концепт на онеспособување). Според него, колку подолго сторителите се затвораат, толку подолго општеството е заштитено од криминал. Или со други зборови, колку подолго сторителите се затвораат, толку подолго се отстранети ризиците и опасноста од извршување кривични дела.

Во таа насока движењето и стапката на бројот на осудени лица во една земја се индикатори за многу состојби. Тие се показател за состојбата со криминалот, за ефикасноста на казненоправниот систем во откривање и гонење на сторителите, за строгоста или благоста на судскиот систем како и за остварување на превентивниот ефект на казнувањето. Од друга страна, движењето и стапката на бројот на осудени лица во една земја се индикатори и за остварувањето и ефикасноста на превентивната политика надвор од казненоправниот систем. Меѓутоа, кои фактори и какво влијание имаат врз состојбата со осудените лица, треба да бидат предмет на постојани и

[67] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134

долгорочни анализи и истражувања. Иако, ниту криминолозите, ниту кривичарите кои се занимаваат со тие прашања не можат да дадат целосни одговори, сепак, законските реформи и градењето политики за сузбивање и превенција на криминалот мора да се засноваат на соодветни научни анализи и знаења.[68]

Преку анализа на бројките на осудени лица и на изречени затворски казни во одреден период може да се согледа состојбата со официјално регистрираниот криминал, иако криминалот не е само бројка, а ниту вистинскиот криминал кореспондира со пријавениот поради постоење на темната бројка на криминалот. Во таа смисла, бројот на осудени лица во Република Македонија во период од 15 години (од 2001 до 2015 година) бележи постојано зголемување. Освен кривичните дела против половата слобода и половиот морал, кај кои има мали осцилации, бројот на осудени сторители за делата против имотот, против јавниот ред и против службената должност, во период од 15 години, е двојно, односно тројно зголемен. На пример, во 2001 година се осудени 2.133 сторители, додека во 2015 година 4.295 сторители на кривични дела против имотот. Или во 2001 година се осудени 310 сторители, додека во 2015 година 821 сторители за делата против јавниот ред. Тројно повеќе се осудени сторителите за кривични дела против службената должност, односно 66 сторители во 2001 и 201 сторители во 2015 година.[69]

6.2. Пријавениот и евидентиран криминал од страна на полицијата

Пријавениот и евидентиран криминал од страна на полицијата претставува вкупен број извршени кривични дела, кои се непосредно пријавени од граѓаните во полиција (телефонски или лично) или за кои се дознава преку непосредно забележување од страна на самата полиција. Притоа, стануваат дел од официјалните статистички евиденции на полицијата што се однесуваат на бројот на извршени и евидентирани кривични дела.[70] На тој начин, тие стануваат показател за состојбата со криминалот во една земја, за неговото намалување и зголемување во одредени временски периоди, како и за неговата просторна дистрибуција. Имајќи ги предвид и другите феноменолошки карактеристики на евидентираните кривични дела (облици, начин на извршување, карактеристики на сторител и на жртва, објект на напад, вредност на нападнатото добро и слично), полициските статистики добиваат значајна

[68] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[69] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[70] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134

позиција во рамките на криминологијата. Преку нив може да се објаснат одредени карактеристики на сторителите, како и одредени ситуациони фактори поврзани со извршување на кривичното дело (Jupp, 1989: 107).

Кога ќе се направи краток поглед на бројките на евидентираниот криминал од страна на полицијата во поголемиот број законодавства, податоците покажуваат дека:

а) Според начинот на дознавање, најголем дел од евидентираните дела се оние што се пријавуваат од страна на граѓаните (жртвата, сведокот, друг граѓанин) непосредно во полиција или на телефонските броеви за итни повици. Тоа значи дека полицијата првенствено се потпира врз волјата на граѓаните да го пријават делото, што значи дека индексот на криминалот има генерално реактивна природа (Brown E. Stephen, Esbense Finn-AAge & Geis, 2013: 79.

б) Според присуството на непосредна физичка жртва, делата без жртва (Victimless crimes) се потценети во евидентираниот криминал. Дел од причините се наоѓаат во фактот што нивното откривање, во многу случаи, зависи од проактивното дејствување на полицијата, како и од откривањето на кривичните дела од страна на самите правни лица (компании, фирми, трговски друштва) каде што се извршуваат делата од областа на корпоративниот криминал (Lomell M. Heidi, 2010: 126).

в) Според профилот на сторителите, марксистички ориентираните криминолози сметаат дека во официјалните статистички евиденции се доминантно застапени делата сторени од работничката класа, додека, пак, делата сторени од страна на моќните економски и политички структури во државата се неспоредливо помалку на број. Тоа би значело дека „криминалитетот на белите јаки“, корпоративниот криминал или криминалот на злоупотреба на власта е помалку застапен.

г) Според природата на криминалот, официјалните статистички податоци многу повеќе се однесуваат на класичните кривични дела (од областа на имотниот, насилничкиот и сексуалниот криминалитет). Поради тоа, кај граѓаните се јавува чувство на несигурност и страв од кражби, физички напади и разбојништва (Brown E. Stephen, Esbense Finn-AAge & Geis, 2013: 77). Имајќи ги предвид наведените карактеристики на полициски евидентираниот криминал, се поставуваат прашањата:

а) Дали ваквите податоци даваат искривена слика за криминалот, односно дали процесот на полициско евидентирање има селективен пристап?

б) Дали сите пријавени дела од граѓаните се евидентираат како кривични дела? Ако не, зошто? Што влијае едно пријавено дело да се евидентира како кривично дело и кој одлучува?

в) Зошто делата без непосредна (физичка) жртва се помалку застапени во официјалните статистички евиденции?

6.3. Кое е значењето и за што служат податоците за полициски евидентираниот криминал

Раните идеи да се определи стапката на криминал може да се најдат во трудовите на „Моралната статистика“ (1833) на Гери (1802 – 1866), кој бил француски правник и статистичар и на Кетле (1796 – 1874), кој бил белгиски математичар и астроном, со цел да се обезбеди барометар за моралното здравје на општеството (Jupp 1989, 90). Нивните истражувања се сметаат за почеток на научен пристап кон изучувањето на криминалитетот со примена на статистички методи. Конкретно, тие се обидуваат да одговорат на три значајни прашања поврзани со обемот и состојбата на криминалот во една земја: [71]

(1) која е вистинската стапка,

(2) каква е неговата дистрибуција во различни географски подрачја и

(3) зошто по 1825 година се забележува зголемување на стапката на криминал во Франција? При нивните анализи користеле мапи на државата на кои ги прикажувале просторните дистрибуции на криминалот, а посебно распоредот на имотните и на насилничките дела во поедини области (Ignjatovic, 2009: 31). Притоа, врз основа на нивните истражувања тврделе дека криминалот не е резултат на индивидуален избор, односно плод на индивидуална патологија на сторителот, туку резултат како на нивната возраст и пол, така и на климата и на економските услови во државата (Lomell M. Heidi, 2010: 121).

И покрај низа недостатоци и ограничувања на статистичките евиденции за што може да се најдат повеќе критики во научната литература, тие го обликуваат нашето разбирање за криминалот, ја информираат јавноста за неговиот обем, зголемување или намалување во текот на годината. Доколку статистичките податоци се погрешни, јавното разбирање за криминалот исто така ќе биде погрешно. Значи, ако

[71] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134

се согласиме со тезата дека статистичките податоци се показател за состојбата со криминалот во една земја, од една страна, но и показател за ефикасноста на полицијата и соодветноста на организациската структура, од друга страна, тогаш не може, а да не се согласиме дека тие имаат повеќекратни цели: прво, поврзани со политиката на контрола на криминалот и, второ, поврзани со политиката за подобрување на организациската структура на полицијата.

Генерално, целите и корисноста на полициските статистички евиденции за криминалот ќе ги поделиме во неколку групи. Тие се: показател за обемот, движењето и за одредени карактеристики на криминалот во една земја, основа за предвидување и планирање на политиките за контрола на криминалот, показател за ефикасноста на полицијата (овде треба да се истакне дека статистиката е само еден од многубројните показатели за ефикасноста и ефективноста на полицијата) и основа за остварување, како на организациските цели на полицијата, така и на пошироки политички цели и приоритети.[72]

Основна цел и задача на статистичките податоци на криминалот е што тие служат за информирање на јавноста за состојбата и за временската и просторна дистрибуција на криминалот во една земја. Според местото на извршување на кривичните дела може да се согледа во кои делови од градот, регионот, односно државата, има поголема стапка на случување кривични дела. Притоа, статистичките податоци, под претпоставка да се точни, објективни и доверливи, истовремено служат за стекнување доверба во полицијата и во нејзината ефикасност.

Статистичките податоци претставуваат основа за планирање и прогнозирање на приоритетните проблеми во работата на полицијата со цел превенција и контрола. На пример, преку определување на начинот на извршување, местото на живеење, полот, етничката припадност и други карактеристики на сторителот и на жртвата, може да се прават предвидувања и прогнози на полициската активност, да се воведат одредени модели на полициско работење насочено кон криминални жаришта, криминални групи, потенцијални жртви и објекти на напад (Jupp, 1989: 88). Исто така, статистичките податоци што покажуваат зголемување на одредени облици на криминал може да генерираат засилено полициско внимание и надзор кон тие облици. Или, ниската стапка на откривање одредени кривични дела може да развие и да воведе нови модели или пристапи на полициско работење.

[72] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

Статистичките податоци се основа за оцена на работата, ефикасноста и капацитетите на полицијата да се справува со криминалот во една земја. Преку нив може да се оцени успешноста на полицијата да го намали стравот од криминал, односно да ја зголеми безбедноста на граѓаните (Игњатовиќ, 2008: 76). Сепак, одредени истражувачки резултати покажуваат дека ефикасноста на полицијата и стравот од криминалот немаат секогаш правопропорционален однос.

Статистичките податоци, исто така, служат за остварување одредени организациски цели. На пример, во одредени околности, полицијата го прикажува криминалот во зголемувачки тренд што излегува од границите на нејзината контрола.

Таквото прикажување може да се користи за барање дополнителни средства и извори за полицијата (Lomell M. Heidi, 2010: 140).

Освен за полициски, статистичките податоци се користат и за поддршка на одредени политички цели на доминантната структура на власт. Според радикалните криминолози, статистиката за криминалот служи на интересите на моќните, да ги заштитат своите цели и да ги контролираат, односно да ги дисциплинираат пошироките народни маси. [73]

Имајќи го предвид наведеното, за да се разберат процесите на евидентирање и статистичко прикажување на криминалот, прво треба да се идентификуваат главните чинители во тој процес. Тие имаат важна улога за дизајнирање на политиките за контрола на криминалот и за поддршка на одредени политички цели. Во таа насока, вредноста на податоците на евидентираниот криминал сè повеќе била испитувана и, во однос на нивната корисност, тие биле опишани како „несоодветни за употреба“ (Магир, 2002: 242). Поточно, со развојот на критичката криминологија во 70-тите години почнува да се јавува и недоверба во официјалните статистички податоци за криминалот, бидејќи може да водат до потценување, но и до претерување за бројот на извршени кривични дела. Поради тоа, често се поставуваат прашањата: дали зголемувањето или намалувањето на официјалните статистички податоци е резултат на зголемен криминал или последица на специфична полициска активност? На пример, зголемениот малолетнички криминал може да нема поврзаност со зголемениот број криминални активности на младите. Тој може да биде израз на промени во малолетничкото кривично законодавство, како што се, на пример, воведување мерки на одвраќање од казненоправниот систем или на намалување, односно зголемување на

[73] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

возрасната граница на кривична одговорност. Исто така, стапките на криминал може да бидат израз на зголемено полициско внимание кон одредени категории граѓани поради барање на јавноста или за остварување на целите на медиумска или политичка кампања (Watts, Bessant, & Hil, 2008: 124). На таа основа, точно е мислењето дека одредени категории граѓани почесто се забележуваат, се гонат, се апсат и со тоа и се процесираат од страна на казненоправниот систем. Оттука, а имајќи предвид дека полициските статистички податоци за криминалот се производ на полициски практики за негово евидентирање, сè повеќе меѓу научните работници постои став дека не е можно да се постави објективна и точна слика за актуелната состојба со криминалот во едно општество. Неговото зголемување е нереално и, во одредени периоди, намерно произведено од страна на полицијата, владејачката структура или медиумите. Основната теза е дека промените во бројките на евидентираниот криминал не мора секогаш да ги рефлектираат и промените во извршувањето на кривичните дела (Магир, 2002: 249). Така, и Сулејманов во неговата „Криминологија“ (2003: 74), пишува за недостатоците на полициските статистички евиденции и нагласува дека може да се јават ненамерни (случајни) и намерни, односно фабрикувани (или фалсификувани) грешки. Затоа, се согласува дека кон статистичките податоци треба да пристапи со одредена резерва, бидејќи тие се само показател за:[74]

(а) начинот на кој казненоправниот систем и граѓаните реагираат и за

(б) обемот на криминалитетот што не може да се измери со целосна точност (Сулејманов, 2003: 90).

Притоа, во литературата се наведува дека првиот обид за фалсификување на податоците од страна на полицијата е забележан во Њујорк во 1958 година, каде што месниот шеф на полицијата го зголемил бројот на извршените кривични дела со цел од Градскиот совет да издејствува одобрување за зголемување на бројот на позорниците (Сулејманов, 2003: 88).

Всушност, јавни признавања за можните „манипулации“ или „фалсификувања“ со бројките за полициски евидентираниот криминал се присутни и во официјални полициски извештаи што ги оценуваат валидноста и објективноста на прикажаните статистички бројки. Така, според службите надлежни за оцена на полициски евидентираниот криминал (police recorded crime) во Англија и во Велс, постојат показатели што укажуваат дека „ние имаме акумулација на суштински и

[74] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

кредибилни докази... дека... полициски евидентираниот криминал не ја претставува коректно стапката на намалување на криминалот или составот на криминал“, што укажува дека на официјалните бројки не може да им се верува.

Недовербата и сомнежот во објективноста на официјалните статистички податоци за криминалот се јавува заедно со разочарувањето на позитивизмот во рамките на криминологијата, што придонесе за појава на критичките криминолошки теории во 60-тите и 70-тите години од минатиот век.

Во врска со состојбата со пријавениот конвенционален криминал во РСМ за анализа на состојбата со пријавениот криминал во периодот од 6 години, достапни податоци се статистичките извештаи на Државниот завод за статистика (за сторители на кривични дела) и одредени статистики на интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи. Насилнички кривични дела се дела кои се извршуваат со примена на физичка или психичка сила. Во овој магистерски труд за анализа беа издвоени следниве кривични дела кои ги поврзуваме со безбедноста во заедницата: од кривичните дела против животот и телесниот интегритет[75] („убиство“, „телесна повреда“, „тешка телесна повреда“, „учество во тепачка“, „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“), од кривичните дела против слободите на човекот и граѓанинот („присилба“, „грабнување“, „загрозување на сигурноста“, „нарушување на неповредливоста на домот“) од кривичните дела против половата слобода и половиот морал („силување“, „полов напад врз дете“) од кривичните дела против имотот и имотните интереси („кражба“, „тешка кражба“, „разбојничка кражба“, „разбојништво“, „одземање моторно возило“ и „изнуда“) и од кривичните дела против јавниот ред и мир („насилство“).[76]

6.4. Правна поставеност

Во обидот да одговориме на поставеното прашање, прво ќе направиме анализа на нормативната поставеност на тој модел. Закон за полиција. Законот за полиција го нормира работењето на полицијата во заедницата во член 11 (иако експлицитно не го користи терминот полициска работа во заедницата), во кој се задолжува полицијата да соработува со граѓаните, здруженијата на граѓани и други правни лица, да соработува

[75] Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134
[76] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

со органите на општините и на град Скопје поради подобрување на безбедноста и спречување и откривање на кривични дела и прекршоци.[77]

Поради остварување на соработката и градење доверба и партнерски однос помеѓу полицијата и граѓаните, во членот е предвидено во општините да се формираат заеднички координативни тела со цел да се подобри јавната безбедност. Значи, Законот постави основи за институционализација на дел од превентивното работење и можност за мултисекторски пристап во решавањето на одредени безбедносни прашања во општините.

Во правилникот за начинот на вршење на полициските работи., во делот за одржувањето на јавниот ред и мир е регулирана позорната, патролната и мотопатролната дејност кои се дефинирани како „непосредно превентивно работење на полициските службеници“ кои со своето непосредно присуство и преземање дејствијата го одржуваат јавниот ред и мир, го заштитуваат животот и личната сигурност и имотот на граѓаните, спречуваат извршување на казниви дела и безбедноста на сообраќајот на патиштата, укажуваат потребна помош и заштита на граѓани и вршат набљудување на подрачјето со забележување и оценка на безбедносната состојба.[78] Наведените дејности се дел од моделот полициско работење со заедницата, односно позорната дејност само во соработка, меѓусебно запознавање и стекнување доверба кај граѓаните може да даде очекувани резултати. Покрај тоа, во Правилникот, во делот за спречување на кривични дела и прекршоци е издвоена посебна глава за остварување на Општата и на посебните видови превенција, кои се остваруваат преку преземање конкретни и организирани чекори и мерки за утврдување на причините кои условуваат криминални и асоцијални однесувања. Дел од предвидените мерки бараат колективен пристап, помош и соработка од заедницата, без која, исто така, планираните превентивни мерки не би имале успех. Тоа е експлицитно наведено во членот 94 кој наведува кон кои активности може да биде насочено непосредното превентивно дејствување на полициските службеници: „кон јакнење на соработката со органите на единиците на локалната самоуправа и здруженијата на граѓани за сузбивање на асоцијалните појави и однесувања кои имаат рефлексија на безбедносната состојба на подрачјето“. Оттука, иако во Правилникот не се употребени термините: полицаец за превенција, инспектор за превенција, Одделение за превенција, полициско работење со заедницата, ниту е дефиниран и нормиран „начинот за вршење

[77] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.
[78] Членот 66 од Правилникот

на нивните полициски задачи“, сепак, законодавецот дава одредени општи насоки за вклучување на заедницата во решавање на одредени проблеми и прашања поврзани со безбедноста што се дел од моделот полициско работење со заедницата. Донесување посебно упатство за нормирање на превентивното работење ја зацврстува тезата дека Програмата: „градење партнерски однос полиција – граѓанин“ значи парцијално спроведување на моделот полициско работење со заедницата кое не внесе суштински и значајни промени на полициското работење на локално ниво во нашата држава.

Кодекс на полициска етика. Во Кодексот на полициска етика се зборува за принципот „полициско работење во заедницата“ врз кој се организира полицијата, што овозможува воспоставување на односи полиција и јавност и соработка со други државни органи, единици на локалната самоуправа, здруженија на граѓани и со самите граѓани, а придржувањето до етичките стандарди како еден од условите за заштита на човековите слободи и права.[79]

Наведената одредба од кодексот укажува дека полицијата се организира согласно тој принцип, но дали подрачните полициски служби, одделенијата за превенција и полициските службеници кои дејствуваат на позорни реони и оние кои се обучени за превенција суштински го остваруваат тој принцип е предмет на анализа.

Прирачник за инспектор за превенција.

Во прирачникот се наведува дека за да се постигне добра соработка помеѓу полицијата и граѓаните мора: „да се собираат и анализираат информации за да се врши мониторинг на она што се случува во полицијата и она што се случува во заедницата, менаџментот во полицијата да ги поддржува и охрабрува полициските службеници во нивната инвентивност и креативност во извршувањето на задачите, и постојано да се оценуваат резултатите и ефективноста на стратегиите за да се направи нивно прилагодување со цел да им се излезе во пресрет на потребите на граѓаните“. Интересно е да се одбележи дека во прирачникот проблемот се дефинира како „состојба која е алармантна, штетна, заканувачка, предизвикува страв или има потенцијал да предизвика неред во локалната заедница, особено инциденти извршени на препознатлив начин врз вообичаена жртва или на позната географска локација преку процес на осмислување и спроведување на стратегии за изнаоѓање на решение или за трансформирање на несакана ситуација во посакувана“. Криминалниот проблем е објаснет преку Триаголник на кривичното дело: жртва, сторител и средина (локација

[79] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

и услови во кои е извршено кривичното дело). Овде може да се препознае користење на криминолошките теории за рутинска активност и рационален избор, но прирачникот не се повикува на нив. Треба да се истакне дека во прирачникот за решавање на проблемите се предлага моделот SARA (преведен на македонски значи истражување, анализа, решение и проценка на ефективноста на решението) што е дел од модел на полициска работа насочен кон проблемите предложен од Голдстеин.

Криминалистичката анализа е оценета како срцето на процесот за решавање на проблемот со задача да утврди кои услови или настани му претходеле на проблемот, кои настани го придружувале проблемот, кои се последиците, колку често се појавува проблемот, колку долго е присутен проблемот во заедницата и да предложи мерки и активности за решавање на проблемот. Во делот посветен на обврската на полицијата да ја едуцира јавноста користени се некои елементарни сознанија од теоријата на ситуациона превенција, повторно без да се повика на неа.[80] И покрај тоа што Прирачникот само рудиментирано ги користи криминолошките теории и научните сознанија за криминалистичката анализа, сепак претставува исчекор во осовременување на обуката на полицијата.[81]

Во прирачникот Основи на превентивно полициско работење се дефинира полициско работење во соработка со заедницата како: „Пристапот кон полициско работење што го нагласува интегрираното и координативно користење и на полициските и на ресурсите на заедницата, филозофија којашто истовремено ги води стиловите на управување и оперативните стратегии, но и пристап кој исто така ги нагласува воспоставувањето на партнерство помеѓу полицијата и заедницата и пристап кон решавање на проблемите што навистина одговараат на уникатните потреби на секоја заедница“. Овде нема детално да ја коментираме дефиницијата, но мора да истакнеме дека нагласувањето на користењето на ресурсите е проблематично, а интересно е што граѓанинот воопшто не се споменува. И не само оваа дефиниција, и други делови од Прирачникот се конфузни и контрадикторни, што само потврдува дека „преведување“ на добри практики не ветува успешна имплементација на терен.

Стратешки план на МВР 2014 – 2016. Во последните стратешки планови на МВР, Програмата: „градење партнерски однос полиција – граѓанин“ е издвоена како посебен проект во рамките на јавната безбедност со дефинирани активности, резултати

[80] Истражување за ставовите на градоначалниците за полициските активности и соработката меѓу локалната полиција и општината, 2011, ОБСЕ и ЗЕЛС.
[81] Goldstein, H. (1979). Improving Policing: A Problem-Oriented Approach, Crime & Delinquency, April 1979, стр. 236-243.

и индикатори. Иако се направени одредени промени на организационо ниво, сепак, тежината и основниот акцент на превентивното полициско работење е ставен на одделенијата за превенција при СВР, на инспекторите за превенција и на предвидените проекти кои се спроведуваат на национално или на локално ниво, чија цел е најчесто подигнување на свеста на граѓаните за превенција на одредени девијантни или криминални појави. Вака поставениот модел издвојува посебна позиција, односно функција на полициски службеници кои ќе бидат активно вклучени во предвидените проекти, во советодавните групи на граѓани и во локалните совети за превенција. Тоа не значи промена на филозофијата на полициското работење генерално, ниту пак промена на традиционалниот начин на полициско работење, зашто потпирањето само на ограниченият број полициски службеници за превенција и само на предвидените проекти кои имаат краткорочни ефекти, не ја остварува суштината и целите на моделот полициско работење со заедницата. Неговата суштина е децентрализација на полициските функции и спуштање на основната полициска задача за заштита на граѓаните, одржување на јавниот ред и мир и создавање безбедни заедници на почетното ниво преку проактивно дејствување. Тој модел бара промена на филозофијата за полициското работење од страна на целата полициска структура, а не само парцијално. Полициското работење со заедницата не е и не смее да се разгледува како еднократно запознавање со граѓаните преку организирање заеднички средби, делење флаери, давање совети, посети во училишта. Тие се само дел од облиците на соработка и служат како алатка за запознавање на заедницата, граѓаните, проблемите. Оттука, моделот полициско работење со заедницата не е и не треба да се сведе и заврши само со формирање дополнителни тела на национално и на локално ниво (како што се на пример, локални совети за превенција) и со обучување на одредени полициски службеници за соработка со заедницата (без разлика како се викаат, дали liaison officer, community officer или офицер за превенција).[82] Тоа мошне добро го истакнуваат Мекенси и Хенри, коишто велат дека успехот на моделот полициско работење со заедницата е многу повеќе од функција на оние полициски службеници кои се избрани да бидат вклучени во одредена програма.

Стратегија за обука на вработените на МВР 2012 – 2014. Стратегијата за Обука на вработените на МВР е документ кој ја дефинира важноста од стекнување вештини и компетенции на сите вработени во МВР, ги дефинира основните стратешки

[82] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

приоритети и различните видови обука почнувајќи од основна обука за полицаец со која се сака кандидатите за полицаец да стекнат компетенции за работна функција „во остварувањето на ефикасна јавна безбедност“. Игнорирањето на знаењата, вештините и компетенциите на кандидатите за вршење полициска задача со заедницата значи отпор кон промена на филозофијата и начинот на полициското работење, како и на системот на вредности што треба да се стекнат уште во текот на основната обука.

Наставна програма и наставен план за основна обука. Неразбирањето на суштината на моделот полиција во заедница може да се препознае преку содржината на наставната програма и наставниот план за основна обука. Сè уште ставот на нашата полиција е дека треба да се обучат одговорни, компетентни, самостојни полициски службеници кои совесно ќе ги спроведуваат полициските овластувања дефинирани во Законот за полиција.

Конкретно, профилот на работа се состои во владеење на суштинските активности кои се „јасно определени задачи кои полицискиот службеник треба да ги извршува во јавен ред и мир, сообраќај и гранична контрола“.

Оттука, основната обука не предвидува часови за воспоставување односи на соработка со граѓаните, што ја потврдува тезата дека моделот полициско работење со заедницата функционира како посебен, парцијален проект, издвоен во рамките на еден дел од организационата структура на полицијата, без да се запознаат и вклучат полицајците на терен. Уште повеќе, во наставната програма (и во наставните материјали) за почетна обука воопшто не е спомнат моделот на полициско работење со заедницата, освен што е предвидена едукација за сервисна ориентираност на полицијата од 4 наставни часа на тема: „Воспостави и изгради близок однос со граѓаните и со локалните авторитети“ и за јавен ред и мир на тема: „Превенција и препознавање на прекршоци“ во траење од 12 наставни часа.[83] Доколку се има предвид дека се предвидени вкупно 1.134 наставни часа за обука, за наведените теми се издвоени многу малку часови, односно само 1,06 %. Исто така, раздвојувањето на позорната и на патролната дејност со задачите и активностите на полицискиот службеник за превенција е погрешно и неприфатливо. Суштината на моделот за да се постави на цврсти основи, треба да се остварува преку улогата на патролниот службеник. Затоа, за да се направи вистинска реформа, потребна е промена на стилот на полициското работење на сите нивоа во рамките на полициските станици и

[83] Meese, E. (1993). Community policing and the police officer, Perspectives in Polic ing No15, US National Institute of justice.

секторите за внатрешни работи.[84] На првото ниво на обичен полицаец или патролен офицер, моделот значи промена на системот на вредности, на начинот на размислување, ослободување од зацртаните шаблони, од рутинско извршување наредби, од преземањето улога само на известувач и слично. Моделот исто така бара промена и во работењето на инспекторите, командирите, повисоките старешини кои го сочинуваат второто ниво во рамките на ПС и секторот. Според сегашната поставеност на моделот во нашите СВР, постојат помали шанси за враќање на довербата на граѓаните во полицијата, односно свест и волја граѓаните активно да се вклучат во решавање на проблемите во заедницата.[85] Ваквиот став, сепак, треба да се поткрепи со одредени истражувања и евалуации од спроведените мерки, иако превенцијата е тешко мерлива и е потребен подолг временски период за да може да се утврдат одредени ефекти врз безбедноста во заедниците.[86]

VII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

Имајќи ја предвид повеќедимензионалноста на моето истражување, како и големиот број отворени прашања и дилеми кои произлегоа од елаборацијата на проблемот и од странските и досегашни искуства, за презентацијата на резултатите и дискусијата, се определивме за следниов пристап: да одговориме на неколку прашања кои произлегоа од поставените цели и хипотези во рамките на двете емпириски истражувања. Наведениот начин го прифативме за да избегнеме конфузност на податоците од двете истражувања и да ги елаборираме резултатите во една целина бидејќи основната цел е да се согледа поврзаноста на факторите од заедницата и полицијата со безбедноста на градот Скопје.

Во ова истражување кое е спроведено во период од март до јули 2021 година во град Скопје, преку анонимно испитување на неколку испитаници (50) кои се обични

[84] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[85] Истражување за ставовите на градоначалниците за полициските активности и соработката меѓу локалната полиција и општината, 2011, ОБСЕ и ЗЕЛС.
[86] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

граѓани и полициски службеници, детално ќе ги прикажам нивните одговори поврзани со овој труд.

7.1. Анализа на истражувањето

ЧУВСТВОТО НА СТРАВ И НА ВОЗНЕМИРЕНОСТ КАЈ ГРАЃАНИТЕ И НИВНАТА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

Кога говориме за чувството на страв, во стручната литература има многу теории и студии кои ги објаснуваат различните аспекти на тоа чувство, а особено кога тоа е поврзано со криминалот. Психолошката ориентација, стравот од криминал го врзува со чувства, како емоционална реакција на ризикот од криминал кој е перципиран како лична закана. Други на таа состојба ѝ додаваат уште односи и реакции на индивидуата, како на пример, перцепцијата за можноста и ризикот да стане жртва, последиците кои би можеле да произлезат од можната виктимизација и однесувањата на индивидуата за да ја одбегне, односно намали можноста за станување жртва на криминал. Наведените елементи (емоциите, перцепциите и однесувањата) се во суштина емоционален, когнитивен и бихејвиорален аспект на стравот од криминал. При неговата анализа, истражувањето се ограничи само на емоционалниот аспект, односно се испитуваше чувството на вознемиреност кај граѓаните при помислата за одредени кривични дела, дали се чувствуваат безбедно во заедницата и дали се плашат да одат сами во одредени делови од заедницата.[87]

Имајќи предвид дека во претходните излагања во извештајот направивме дескриптивна анализа на чувството на страв и вонезмиреност на граѓаните како дополнителен индикатор за безбедноста во регионот, во овој дел ќе се обидеме да откриеме одредени врски меѓу повеќе варијабли. Во таа насока, чувството на страв и вознемиреност го зедовме како зависна варијабла која сакаме да ја испитаме поврзана со одредени независни варијабли. Конкретно, сакавме да испитаме дали одредени социјално-демографски карактеристики на граѓаните (пол, возраст, образование, материјален статус, семеен статус, место на живеење) се поврзани со нивното чувство на страв. Покрај тоа, чувството на страв го поврзуваме и со ставот на граѓаните за степенот на сериозност на одредени кривични дела, со нивното задоволство и степен на довербата во полицијата, со односот на полицијата кон граѓаните, со ефикасноста на

[87] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

полицијата при извршувањето на одредени полициски задачи, како и со одредени фактори поврзани со заедницата (видливост на служби за помош и поддршка, постоење и дејствување на ЛСП и СГГ). За таа цел користевме cross-tabulation, хи-квадрат тестот (chi square тест) или т-тестот со цел да се утврди дали има одредена статистички значајна поврзаност меѓу две променливи и Pearson's, Phi и Cramer's V мерки на поврзување (во зависност од видот на мерењето, дали станува збор за номинално, интервално или ординално мерење) со цел да се утврди колку е силна таа поврзаност.

Чувството на страв и социодемографските карактеристики

Од социодемографските карактеристики на граѓаните, посебно беа издвоени полот, возраста, брачниот статус и местото на живеење и нивната поврзаност со чувството на страв, кое, од друга страна, го утврдивме преку прашањата кои се однесуваат на чувството на вознемиреност при помислата за случување на одредени кривични дела во нивната заедница, преку чувството на страв да одат сами во одредени делови во заедницата и преку чувството на сигурност во нивното соседство кога се сами.

Така, на прашањето: Дали полот влијае врз чувството на вознемиреност при помислата за одредени кривични дела? (кои се индивиуално определени) податоците укажаа дека нема статистички значајна поврзаност меѓу тие варијабли, односно дека полот не влијае врз чувството на вознемиреност.

Во однос на брачниот статус, податоците покажаа дека тој има статистички значајна поврзаност само кај возењето под дејство на алкохол (sig. 190 = 0,033) и меѓуетничките конфликти (sig. = 0,021), но нивната врска е умерено силна. (табела 14 и 15 во прилог)

Според пресметаното ниво на значајност на хи-квадрат тестот, не постои статистички значајна поврзаност на местото на живеење со чувството на вознемиреност на граѓаните при помислата за случување на одредени кривични дела во нивната заедница.

Возраста како фактор, исто така, не покажа статистички значајна поврзаност со чувството на вознемиреност на испитаниците.

Врз основа на добиените резултати, можеме да заклучиме дека генерално социодемографските карактеристики на испитаниците немаат статистички значајна поврзаност со чувството на вознемиреност.

За поврзаноста помеѓу чувството на страв (анализирано преку прашањето „Доколку сте сами, колку сигурно се чувствувате во Вашето соседство?“) и познавањето на одредени центри, совети и служби во заедницата во која живеат е пресметан хи-квадратот и Cramer's V коефициент на поврзување.

Добиените резултати укажуваат на следново:

1. Поголем број од испитаниците кои се чувствуваат многу безбедно и безбедно, знаат за функционирањето на дневните центри за одвикнување од дрога во заедницата во која живеат, во споредба со оние кои не знаат.
2. Поголем број од испитаниците кои се чувствуваат загрозено, знаат за функционирањето на дневните центри за одвикнување од дрога во споредба со оние кои не знаат.
3. Постои одредена статистичка поврзаност со умерен интензитет помеѓу познавањето на социјалните служби за згрижување на деца на улица со чувството на сигурност. Тоа значи дека познавањето на овој вид центри го зголемува чувството на сигурност кај испитаниците.
4. Постои одредена статистичка поврзаност со умерен интензитет помеѓу познавањето на центри каде се добиваат информации за превенција од криминал со чувството на сигурност (sig. = 0,034).

Од добиените податоци се заклучува дека, иако поголемиот број испитаници кои се чувствуваат многу безбедно и безбедно знаат за функционирањето на именуваните служби и центри во заедницата, сепак тоа нема влијание врз чувството на безбедност, освен за социјалните служби за згрижување на деца на улица и за центрите каде се добиваат информации за превенција на криминалитет. Тоа укажува дека можноста да се запознаат со одредени превентивни мерки како да се заштитат и како да се спречи криминалот, има одредена поврзаност со чувството на безбедност кај испитуваната популација.[88]

[88] Центри за одвикнување од дрога, Центри за заштита на жртви, Центри за згрижување деца на улица, Центри за згрижување жртви на семејно насилство, Центри за помош и поддршка на млади, Центри за информирање за заштита и превенција, Спортски објекти, Локални форуми на граѓани, Локални совети за превенција.

Во однос на поврзаноста помеѓу чувството на безбедност и ставот за ефикасноста на полициските работи во превенција на криминалитетот, користените алатки за пресметување на нивото на значајност на пресметаниот коефициент на поврзување утврдија одредена поврзаност кај мерката „присуство на полицијата на критични места“ (sig. на хи-квадратот = 0,030).

Тоа значи дека присуството на полицијата на критични места ја зголемува безбедноста на граѓаните.

Покрај тоа, при утврдувањето дали постои значајна поврзаност во однос на прашањето: „Дали постои дел од градот во кој воопшто никогаш не би отишле сами?“ со ставот на граѓаните за ефикасноста на полициските работи во превенција на криминалитетот, добиениот резултат покажа дека не постои статистички значајна поврзаност меѓу нив.

Со цел да се утврди дали и каква е поврзаноста помеѓу чувството на безбедност да се биде сам во своето соседство и ставот на граѓаните за полицијата, пресметно е нивото на значајност на хи- квадратот кој потврди дека има статистичи значајна поврзаност помеѓу чувството на безбедност и „лошото искуство со полицијата“ (sig. = 0,019). Оттука, можеме да заклучиме дека постоењето на чувството на страв кај испитаниците во град Скопје не е детерминирано од другите фактори кои беа предмет на истражување, односно врз него не влијаат значајно социодемографските карактеристики на граѓаните, ставот за полицијата и за ефикасноста на полициските мерки, ставот за сериозноста на одредени кривични дела, како и постоењето на капацитети и ресурси на локалната заедница.

ПОДГОТВЕНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ

Подготвеноста на граѓаните да учествуваат во превентивни активности е значаен индикатор за нивната општествена и колективна одговорност за превенција на криминалитетот. Поаѓајќи од тезата дека заедницата е секундарна жртва на криминалот, таа има претпоставена одговорност да учествува во справување и превенција на криминалните и другите девијантни однесувања кои се случуваат во заедницата. Еден аспект на учеството на заедницата се гледа во подготвеноста на граѓаните самоиницијативно (или на иницијатива на други јавни и граѓански

организации) да организираат одредени превентивни програми и активности во заедницата. Во однос на ова прашање, истражувањата покажале дека три групи фактори се поврзани со учеството на граѓаните во превенција. Според податоците, граѓаните кои се подготвени и се вклучуваат во превентивни активности, ги имаат следниве карактеристики: демографски фактори: 1. Според материјалниот статус, граѓаните кои учествуваат во превенција, во суштина, се од средната и повисоката класа, 2. Според брачниот статус, граѓаните се во брак и имаат сопствен дом, 3. Според степенот на образование се со вишо и со високо образование, 4. Граѓани сакаат стабилност без намера за преселби, 5. Според психолошките фактори, тие се комуникативни (искажуваат тенденција лесно да стапат во контакт со блиската околина), задоволни и среќни (позитивни), предвидливи, т.е. сакаат сигурност, а не неизвесност, поседуваат способност за контрола. Фактори на заедницата: хомогеност (заедницата се карактеризира со силни врски помеѓу поединците и семејствата), ниска стапка на криминал, класна структура (домаќинствата во тие заедници се од средната класа).

Според презентираните податоци, во литературата преовладува ставот дека криминалот најчесто се јавува во општествено дезорганизираните подрачја во кои стапката на криминал е претежно висока, каде што заедницата етнички и социјално е хетерогена. Карактеристично за тие заедници е што граѓаните не се подготвени да се вклучат во превентивни активности.

Во таа смисла, основен проблем е да се мобилизират немотивираните поединци во критичните подрачја.

На прашањето: Какви се ставовите на македонските граѓани за нивната улога во заедницата и во превенција на криминалитетот?, одговорите се дадени на следнава табела:

Табела 1: Какви се ставовите на македонските граѓани за нивната улога во заедницата и во превенција на криминалитетот?

	Да	не	Не знам
Сакам да учествувам во активности на заедницата поврзани со превенција на криминалот	46,7	29,3	22,8

Подготвен сум да обезбедам соодветни информации на полицијата поврзани со безбедносната состојба во регионот	57,6	19,6	22,8
Досадно е да се учествува во активности поврзани со ПК	19,1	53,9	27
Запознаен сум со СГГ каде граѓаните можат да ги искажат своите проблеми	24,2	39,6	36,3
Запознаен сум со постоењето и значењето на ЛСП	18,5	55,4	26,1
Граѓаните во заедницата треба да се активно вклучени во превенција на криминалот	68,1	13,2	17,6
Активностите на граѓаните во заедницата поврзани со превенција на криминалот се ефикасни	40,2	19,6	40,2
Безбедноста во заедницата треба да биде одговорност на локалната власт	62,6	13,2	23,1
Безбедноста во заедницата треба да биде одговорност на полицијата	78,3	5,4	16,3
Активностите за превенција на криминалот преземени од заедницата придонесуваат за нејзина поголема безбедност	71,4	6,6	22
Активностите за превенција на криминалот преземени од заедницата се добро организирани	25	33,7	40,2
Ние живееме во мир благодарение на тие активности	38,5	28,6	33
Граѓаните во заедницата треба заедно да работат во ПК	76,1	7,6	16,3

Превенцијата на криминалот треба да биде област на дејствување на НВО	32,6	29,3	38
Соработката меѓу граѓаните, локалната администрација и полицијата е многу важна за превенција на криминалот	82,7	3,3	14,1
Можноста да добиеме информации за безбедноста во регионот е многу значајно за превенција на криминалот	70,7	7,6	21,7
Познавањето на соседството е многу значајно за превенција	80,2	3,3	16,5

Што укажуваат наведените бројки?

Голем процент од граѓаните (82,7 %) сметаат дека соработката меѓу граѓаните, локалната власт и полицијата е многу важна за превенција на криминалитетот, дека безбедноста на заедницата треба да е одговорност не само на полицијата (78,3 %), туку и на општината (62,6 %) и на граѓаните (76,1 %). Оттука, за голем број од граѓаните познавањето на соседството (80,2 %) и можноста да добијат информација за безбедноста во регионот (70,7 %) се значајни фактори за превенција на криминалитетот.

Врз основа на тоа можеме да заклучиме дека постоењето центри во заедницата каде можат да добијат соодветни информации за превенција на криминалитетот и за безбедност во заедницата има позитивно влијание врз чувството на безбедност на граѓаните. Меѓутоа, на прашањата колку се ефикасни активностите на заедницата за превенција на криминалитетот и за зголемување на безбедноста резултатите покажуваат дека околу 40 % од граѓаните не знаат дали се ефикасни, односно дали се добро организирани. Покрај тоа, податоците укажуваат дека 1/3 од граѓаните не се запознати со спроведувањето на одредени превентивни активности во заедницата што е можеби резултат на „непостоењето“ на такви активности во соседствата во кои живеат испитаниците. Во прилог на последното се и ставовите на

граѓаните дали се запознати со функционирањето на ЛСП и на СГГ, бидејќи речиси 1/3 од испитаниците не знаат за нив, (55,4 % не се запознати со ЛСП и 39,6 % со СГГ). Наведените податоци кореспондираат и со податоците од истражувањето на ОБСЕ, а таквите одговори се индикатор за намалената улога и видливост на активностите на наведените локални совети и советодавни групи на граѓани.

Конкретно, според податоците на МВР, посочени се полициските службеници кои се дел од ЛСП во 7 општини, додека за општините Бутел, Кисела Вода и Шуто Оризари нема такви податоци што укажува дека можеби локалните совети не се формирани во наведените општини.

Во однос на прашањето дали сакаат да учествуваат во превентивни активности во заедницата, одговорите покажуваат дека помалку од половината од граѓаните (46,7 %) сакаат и се подготвени да и дадат информации на полицијата поврзани со безбедноста во регионот (57,6 %), додека останатите не знаат (22,8 %), односно не сакаат (29,3 %) да учествуваат. Процентот на граѓаните кои не сакаат или не знаат дали да учествуваат во превентивни активности, е индикатор дека граѓаните немаат доволно развиена општествена и колективна одговорност за подобрување на безбедноста во заедницата во која живеат. Исто така, тоа може да се протолкува како непостоење на цврсти врски и односи меѓу граѓаните во заедницата бидејќи непознавањето на своите сограѓани го намалува чувството на припадност во заедницата, и на тој начин граѓаните се демотивираат да се вклучат во активности и програми во заедницата.

Со цел да се откријат одредени врски и влијанија со други фактори наведените прашања ги поврзуваме со неколку карактеристики на граѓаните (пол, возраст, образование, материјален статус, семеен статус, место на живеење). Меѓутоа, главни фактори кои влијаат врз нивната подготвеност се самото чувство на страв и ставовите за сериозноста на одредени кривични дела и прекршоци што се случуваат во заедницата и што можат да ја нарушат нивната безбедност. Во дополнение на таквата анализа, за независни варијабли ги зедовме и знаењето и свеста за постоењето на одредени совети и општествени организации и центри кои се занимаваат со прашањата поврзани со превенција на криминалитетот и довербата во нивните капацитети и во капацитетите и ресурсите на заедницата да придонесат за подобрување на безбедноста.

Подготвеноста за учество во превентивни активности и социодемографските карактеристики на граѓаните. За овој дел од анализата, подготвеноста на граѓаните за

учество во превентивни активности, се определи преку ставовите „сакам да учествувам во одредени превентивни активности во заедницата“ и „подготвен сум да дадам информации на полицијата поврзани со безбедноста во регионот“. Во однос на социодемографските карактеристики, на ставот „сакам да учествувам во превентивни активности во заедницата“, анализата покажа дека малку повеќе мажите сакаат да учествуваат во споредба со жените (53,5 % наспроти 46,5 % жени), помладите на возраст од 18 до 29 години во споредба со постарите, оние кои немаат брачна или вонбрачна врска во споредба со оние кои се во брак и оние со повисоко образование во споредба со испитаниците со средно образование.

Исто така, во однос на ставот „подготвен сум да дадам информации на полицијата поврзани со безбедносната состојба во регионот“ резултатите покажуваат дека приближно ист процент мажи и жени даваат потврден одговор, помладите се поподготвени да даваат информации во споредба со постарите, тие што немаат брачна или вонбрачна врска во споредба со оние кои се во брак и тие со високо образование во споредба со испитаниците со средно образование.[89]

Со цел да се утврди поврзаноста меѓу ставот „сакам да учествувам во одредени превентивни активности во заедницата“ со ставовите за полицијата применети се следниве алатки од програмата СПСС: cross-tabulation, Cramer’s V и хи-квадрат тестот.

Што укажуваат добиените резултати?

1. Од оние испитаници кои сакаат да учествуваат, 28,6 % имаат отпор за соработка со полицијата, додека 71,4 % немаат. Од оние испитаници кои не сакаат да учествуваат во превентивни активности во заедницата, 18,5 % имаат отпор, додека 81,5 % немаат отпор. Ова нè наведува на заклучокот дека отпорот за соработка со полицијата нема голема поврзаност со подготвеноста на граѓаните да учествуваат во превентивни активности. Тоа се потврдува и со следните показатели: дури и оние кои имаат отпор кон полицијата, многу повеќе сакаат да учествуваат во превентивни активности (60 % наспроти 25 % од испитаниците кои не сакаат да учествуваат). Исто така со оглед на тоа што sig. за хи-квадрат = 0,082, кое е ≤0,05 се прифаќа нултата хипотеза, а се отфрла поставената дека отпорот кон полицијата има поврзаност со подготвеноста на

[89] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13

граѓаните да учествуваат во превентивни активности во заедницата (табела 2 во прилог).

2. Од оние испитаници кои сакаат да учествуваат во превентивни активности, 40 % од испитаниците имаат конструктивен однос со полицијата, а 60 % немаат, додека пак, од тие кои имаат конструктивен однос со полицијата 41 % сакаат да учествуваат во превентивни активности, а 30,8 % од испитаниците не сакаат. Наведените резултати, заедно со хи-квадрат (sig. = 0,640) укажуваат дека нема статистички значајна поврзаност меѓу тие варијабли. (табела 2 во прилог).

3. Оние испитаници кои немаат доверба во полицијата, 45,7 % сакаат да учествуваат, а 30,4 % не сакаат да учествуваат во превентивни активности во заедницата во која живеат.

Врз основа на претходното можеме да заклучиме дека ставот и искуството на граѓаните со полицијата не е поврзано со нивната подготвеност да учествуваат во превентивни активности, ниту да даваат информации на полицијата за безбедносната состојба во регионот.

Подготвеност за учество на граѓаните во превентивни активности, чувството на вознемиреност и ставот за сериозен проблем за одредени кривични дела. Со цел да утврдиме дали постои одредена поврзаност помеѓу чувството на вознемиреност на граѓаните и ставот за сериозноста на одредени кривични дела и прекршоци против јавниот ред и мир со нивната подготвеност да учествуваат во превентивни активности, направен е преглед на нивото на значајност на хи-квадрат тестот прикажан на следнава табела:

Табела 2: Поврзаност помеѓу чувството на вознемиреност на граѓаните и ставот за сериозноста на одредени кривични дела и прекршоци против јавниот ред и мир.

кр. дело/прекршок	sig. чувство на вознемиреност /	сериозен проблем
Разбојништва	0,031	0,394
Физички напади	0,040	0,016
Провални кражби	0,295	0,065
Одземање моторно возило	0,193	0,190
Кражби	0,055	0,100
Улични тепачки	0,727	0,276
Вандализам	0,623	0,052

Силување	0,012	0,335
Сексуално вознемирување	0,194	0,217
Насилство во училилишта	0,041	0,551
Меѓуетнички конфликти	0,004	0,007

Според презентираните бројки, чувството на вознемиреност при помислата за случување на делата „разбојништво“, „физички напади“, „силување“, „насилство во училишта“ и „меѓуетничките конфликти“ има одредена статистички значајна поврзаност со подготвеноста да учествуваат во превентивни активности. Тоа значи дека чувството на вознемиреност ги обесхрабрува активно да учествуваат во превенција на криминалитетот.

Споредено со другите казниви дела (за кои не е утврдена статистички значајна поврзаност) може да се заклучи дека чувството на вознемиреност поради потешките облици на насилен криминал и насилничко однесување имаат поголемо влијание врз мотивираноста на граѓаните.

Од друга страна, ставот за сериозноста на проблемот само кај „физичките напади“ и кај „меѓуетничките конфликти“ покажа значајна поврзаност со подготвеноста на граѓаните да учествуваат во превентивни активности. Тоа укажува дека присутноста на тие појави ги демотивираат граѓаните активно да се вклучат во превенција на криминалитетот.

Исто така, чувството на вознемиреност со подготвеноста да се учествува во превентивни активности се испитуваше и преку анализа на прашањата „доколку сте сами колку сигурно се чувствувате во вашето соседство“ и „дали постои дел од градот во кој никогаш не би отишле сами?“ Анализата покажа дека и покрај тоа што не постои статистички значајна поврзаност меѓу наведените варијабли, сепак од оние испитаници кои сакаат да учествуваат во превентивни активности, поголемиот број се чувствува безбедно (21,4 %) наспроти оние граѓани кои се чувствуваат загрозено (4,8 %). Исто така, без разлика на чувството на страв да одат сами во одредени локации од градот, поголемиот процент од испитаниците се подготвени да ѝ дадат информации на полицијата поврзани со безбедноста на заедницата.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, заклучуваме дека зголемениот криминал го зголемува чувството на страв и наместо да ги мотивира граѓаните да се вклучат во превентивни активности и да се зголеми општествената одговорност, се случува обратен процес, односно тие, на некој начин, се повлекуваат и се обидуваат да ја заштитат само својата и безбедноста на своето семејство.

Подготвеност за учество на граѓаните во превентивни активности и запознаеност со функционирањето на одредени служби во заедницата.

На прашањето: Дали постоењето и свеста на граѓаните за функционирањето на одредени служби и центри во заедницата е поврзано со нивната подготвеност да учествуваат во превентивни активности? е направен преглед на нивото на значајност на хи-тестот меѓу идентификуваните променливи.

Табела 3: Поврзаност помеѓу свеста на граѓаните за функционирањето на одредени служби и центри во заедницата и нивната подготвеност да учествуваат во превентивни активности.

Центри во заедницата	sig. /chisquare
Центри за одвикнување од дрога	0,019
Центри за заштита на жртви	0,015
Центри за згрижување деца на улица	1,151
Центри за згрижување жртви на семејно насилство	0,030
Центри за помош и поддршка на млади	0,245
Центри за информирање за заштита и превенција	0,021
Спортски објекти	0,001
Локални форуми на граѓани	0,045
Локални совети за превенција	0,724

Презентираните податоци укажуваат дека постои статистички значајна поврзаност меѓу познавањето на наведените центри, особено оние кои обезбедуваат помош и поддршка на ранливи категории граѓани (лица кои злоупотребуваат дрога, жртви и посебно жртви на семејно насилство), центри кои ги информираат граѓаните за прашања поврзани со превенција на криминалитетот, како и форуми каде граѓаните можат да дискутираат за проблемите поврзани со криминалот и начинот како да се

справат со нив со подготвеноста на граѓаните да учествуваат во превентивни активности. Тое е можеби резултат на верувањето на граѓаните дека преку можноста да се вклучат во центрите кои третираат ранливи категории граѓани или пак, преку запознавање со начинот како да се справат со одредени проблеми во локалната заедница ќе придонесат за намалување на криминалните и другите девијантни појави и однесувања.

Дополнителен поттик за мотивираноста на граѓаните да учествуваат во превентивни активности во заедницата се и позитивните ставови за соработката со полицијата. Во таа насока, беа пресметани коефициентите на поврзување меѓу наведените променливи кои утврдија дека постои значајна статистичка поврзаност. Имено, следниве ставови на граѓаните имаат одредено придонесувачко влијае врз подготвеноста на граѓаните да учествуваат во превенција на криминалитетот:

- обезбедувањето повеќе информации на полицијата придонесува за поуспешно решавање на локалните проблеми во заедницата (sig. =0,013),
- соработката со полицијата ја зголемува безбедноста во регионот (sig. = 0,036) и
- соработката со полицијата ја зголемува нејзината свесност за проблемите во заедницата и проблемите меѓу луѓето (sig. = 0.020)

Од друга страна, ефикасноста на полициските мерки и подготвеноста на граѓаните да учествуваат во одредени превентивни активности во заедницата нема статистички значајна поврзаност за испитаниците.

СТАВОВИ ЗА ПОЛИЦИЈАТА И ЗА ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Мошне значаен аспект за превенција на криминалитетот се ставовите на граѓаните за полицијата и за полициското работење, прво, како јавна, препознатлива и видлива служба во едно општество и второ, дали таа ги дава очекуваните резултати. Несомнено дека првата асоцијација за полицаец е лице одговорно за јавниот ред и мир, за заштита на граѓаните и откривање на сторители и траги од кривични дела. Тоа е резултат на традиционалното гледање на полицијата и на начинот на кој таа се прикажува во медиумите.[90]

[90] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

Поврзано со таквиот став, се очекува таа да биде ефикасна и да влијае врз намалување на криминалот.

Поаѓајќи од таквите претпоставки, во рамките на истражувањето граѓаните беа прашани да го оценат степенот на важност на повеќе полициски работи кои ги групиравме во две категории: активности во рамките на традиционалниот модел (заштита на граѓаните од криминал, одржување на јавниот ред, обиколки на критични места, присуство на полицијата на терен, брз одговор на пријавени кривични дела) и активности како дел од моделот полициско работење со заедницата (едукација и советување, решавање на проблеми, идентификување на причините за појава на криминалот). Добиените резултати ја потврдуваат тезата дека граѓаните поголем степен на важност им даваат на активностите кои значат контрола на криминалот, во споредба со улогата на полицијата во решавање на локалните проблеми и проблемите на граѓаните.

Имено, 94,6 % од испитаниците сметаат дека одржувањето на јавниот ред е многу важна, односно важна работа, (93,6 %) сметаат дека заштитата на граѓаните од криминал е многу важна, односно важна работа, додека 87,9 % голема важност им даваат на брзиот одговор на кривични дела. Од активностите кои се преземаат во соработка со заедницата, висок процент од испитаниците сметаат дека полицијата треба да биде активна во решавање на проблемите поврзани со децата во ризик (децата на улица, жртвите на семејно насилство, воспитно-запуштените деца), можеби поради тоа што полицијата најчесто го има првиот контакт со таа категорија лица.

Табела 4: Како го оценувате степенот на важност на следниве полициски работи?

	многу важно	важно	помалку важно	не е важно	не знам
Заштита на граѓаните од криминал	71,4	22	1,1	/	5,5
Одржување на јавниот ред	68,5	26,1	3,3	/	2,2
Соработка со граѓаните	51,6	29.7	13,2	2,2	3,3

Едукација и советување на граѓаните за заштита од криминал	45,7	34,8	13	3,3	3,3
Решавање на проблемите во локалната заедница	33,7	41.3	15,2	3,3	6,5
Решавање на проблемите поврзани со семејно насилство	47,8	32,6	8,7	4,3	6,5
Решавање на проблемите поврзани со малолетни сторители на кр. дела	48,4	39,6	6,6	2,2	3,3
Решавање на проблемите поврзани со децата на улица, жртви на семејно насилство, воспитно запуштени деца и сл.	54,4	33,3	4,4	1,1	6,7
Истражување на причините за појава и	48.4	28,6	12,1	5,5	5,5

зголемување на криминалот во заедницата					
Спроведување обиколки на критични места	52,2	21,1	10	3,3	13,3
Присуство на полцијата на терен	58,7	28,3	5,4	3,3	4,3
Брз одговор на пријавени кривични дела	71,4	16,5	/	2,2	9,9

Покрај тоа, за анализа на ставовите на граѓаните за ефикасноста на полициските работи, нив ги групиравме во две групи: традиционален и проактивен пристап на полицијата. Врз основа на добиените податоци, може да се забележи дека испитаниците најголемо превентивно дејство даваат повторно на традиционалниот пристап, односно по 42,5 % од испитаниците сметаат дека брзиот одговор на полицијата по пријавени кривични дела, брзата интервенција на одредени настани и брзото и ефикасно фаќање на сторителот се многу ефикасни во превенција на криминалитетот.

Наспроти таквите одговори, 30,4 % од испитаниците сметаат дека интензивните средби на полицијата со граѓаните не се ефикасни, односно малку ефикасни (16,3 %).

Токму затоа, со цел да се утврди кои фактори влијаат врз таквите ставови на граѓаните, направена е анализа на неколку независни варијабли (позитивното искуство во контактите со полицијата, довербата во ефикасноста на полицијата, како и намаленото чувство на страв).

Но, пред да се утврди степенот на поврзаност, податоците за односот кон полицијата укажуваат дека значајно висок процент од испитаниците „нема лошо искуство со полицијата“ (82,4 %) и „не чувствува отпор за соработка со полицијата“ (78 %). Меѓутоа, половина од испитаниците „немаат доверба во полицијата“, односно „немаат никаква комуникација со полицијата“, што претставува неповолен ризик фактор за воспоставување добри партнерски односи помеѓу полицијата и заедницата.

Табела 5: Каков е Вашиот однос кон полицијата во заедницата?

Каков е Вашиот однос кон полицијата во заедницата?		
	ДА	НЕ
Чувствувам отпор за соработка со полицијата	22	78
Имам конструктивен однос кон полицијата	44,3	55,7
Имам доверба во полицијата	50	5 0
Едноставно не сакам „полицајци“	20,9	79,1
Немам никаква комункација со полицијата	46,7	53,3
Имам лошо искуство со полицијата	17,6	82,4
Имам добро искуство со полицијата	46,1	53,9

Токму затоа, со цел да се утврди поврзаноста меѓу наведените фактори, се применија мерките на поврзување и мерките на статистичка значајност од програмата SPSS (хи-квадрат тестот и Крамеровиот тест на поврзување). Добиените податоци укажуваат на следново:

- Постои силна статистичка поврзаност помеѓу „имам добро искуство со полицијата“ и имам доверба во полицијата, што значи дека колку е подобро искуството, толку е поголема довербата (sig. = 0,000);
- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „имам лошо искуство со полицијата“ и „едноставно не сакам полицајци“ (sig. = 0,036) и „немам никаква комуникација со полицијата“ (sig. = 0,026);
- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „немам никаква комуникација“ со „едноставно не сакам полицајци“ (sig. = 0,001);
- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „едноставно не сакам полицајци“ со „чувствувам отпор“ (sig. = 0,040).

- Постои одредена статистичка поврзаност помеѓу „имам лошо искуство со полицијата“ со „чувствувам отпор“, „немам доверба кон полицијата“ (sig. = 0,050).

Наведените показатели ја потврдуваат хипотезата дека ставовите за полицијата влијаат врз довербата на граѓаните во полицијата, како и тоа дека позитивното или негативно искуство влијаат врз довербата. Во овој дел ќе ги презентираме и одговорите на прашањето да образложат какво позитивно или негативно искуство имале со полицијата. Имено, речиси ист број испитаници ги наведуваат негативните (14 испитаници), односно позитивните искуства (15 испитаници одговориле), кои ги поделивме во две категории: искуство поврзано со односот на полицијата и искуство поврзано со ефикасноста на полицијата.

Позитивни искуства. Од одговорите може да се согледа дека позитивните ставови на полицијата генерално се однесуваат на брзата и/или ефикасна интервенција на полицијата, најчесто при фаќање и откривање на сторители („пронајден е провалникот кој влегол во мојот имот“, пронајден ми е украденият мобилен телефон“). Покрај таквото позитивно искуство, мал број од испитаниците одговориле дека полициските службеници се љубезни и имаат одличен пристап, најчесто при рутинските сообраќајни контроли.

Оттука, може да се изведе заклучокот дека испитаниците искуството со полицијата го градат само преку контактите при сообраќајните контроли или кога стануваат жртва на одредени кривични дела.

Негативни искуства. Негативните искуства, граѓаните исто така ги изразуваат преку бавното или несоодветно реагирање на полицијата, како и поради нивниот несоодветен (нељубезен) однос („инертност“, „никогаш не е на потребното место за интервенирање“, „повеќе кражби во нашата фирма, а ниедна откриена“).

Интересно е да се нотира дека и немањето комуникација со полицијата влијае врз негативните ставови, односно врз ставот „не сакам полицајци“ и „имам лошо искуство“. Ова нè упатува на теоријата според која перцепциите меѓу луѓето се градат врз основа на меѓусебните контакти и односи, и немањето комуникација понекогаш дава искривена слика за луѓето, односно граѓаните се склони кон прифаќање на јавното мислење за полицијата дека таа казнува, применува сила. Тоа значи дека за полицијата да го подобри својот имиџ меѓу граѓаните, потребно е да гради односи со нив, а за таа цел треба да им се приближи. Така, кога граѓаните имаат позитивни перцепции за

полицијата, тие се понаклонети и поподготвени да градат меѓусебни односи засновани врз партнерство и соработка.

Со цел да се утврди што го детерминира позитивното мислење на граѓаните за соработката со полицијата, направивме поврзаност со нивните ставови за ефикасноста на одредени полициски мерки и активности.

Резултатите од пресметаниот хи-квадрат покажуваат дека постои одредена статистички значајна поврзаност помеѓу ставот дека соработката обезбедува повеќе информации за поуспешно решавање на конкретни проблеми со ставот за ефикасноста од заедничко решавање на проблемите со заедницата (sig.= 0,037).[91] Исто така, поврзаност постои и помеѓу поставот за ефикасноста на средбите со граѓаните во превенција на криминалитетот со поголемата свест на граѓаните за локалните проблеми и за проблемите на граѓаните (sig. = 0,016).[92]

7.2. Дискусија

Прикажано во целост е чувството на страв вознемиреност и паника кај граѓаните, како и нивна поврзаност со превенција од криминалитетот во РСМ, подготвеноста на сите граѓани да учествуваат во превентивни активности од некој криминалитет, прикажани ќе бидат и ставовите за полицијата како и нејзиното работење, прикажан ќе биде и традиционалниот наспроти пристапот на полициско работење со заедницата, како и воспоставување на партнерство помеѓу нив и полицијата, потребно е да се остварат повеќе фактори поврзани со граѓаните, полицијата и капацитетите на заедницата.

- Граѓаните треба да се запознати со улогата на полицијата, да имаат доверба, да веруваат во нејзината ефикасност, да имаат општествена одговорност и да сакаат да градат односи на соработка.
- Полицијата треба да сака да работи со граѓаните, да верува во нивниот придонес, да верува во колективниот пристап, да има институционални капацитети, да биде обучена и да го познава теренот.
- Заедницата, исто така, треба да гради ресурси и капацитети.

Генерално, заедницата има позитивни ставови за соработката со полицијата во однос дека таа овозможува повеќе информации за поуспешно решавање на конкретни

[91] Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
[92] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

проблеми во заедницата, ја зголемува безбедноста во регионот, го зголемува разбирањето на полицијата за проблемите на луѓето и за локалните проблеми и со тоа го зголемува и учеството на полицијата во одредени превентивни програми кои се спроведуваат во заедница (над 80 % од испитаниците дале потврден одговор на наведените ставови).[93]

Исто така, голем број истражувања потврдуваат дека за воспоставување добар однос полицијата – граѓани, најзначајно е прво, да се стекнат позитивни ставови за полицијата како служба, да се има позитивно искуство, соработка и доверба во нејзината ефикасност. Полицајците врз основа на искуството најчесто знаат каде се криминалните жаришта и лицата кои имаат криминални намери на територијата за која се задолжени, но информациите произлезени од анализата можат на неговото знаење да му дадат нова димензија. Впрочем, полицаецот не е 24 часа на терен, а кога е на терен, тогаш осознава настани кои се актуелни во тој момент. Од друга страна криминалитетот е во постојано менување, доаѓаат нови сторители, се извршуваат нови кривични дела или на различен начин од дотогаш познатиот, па затоа аналитичката работа ѝ е потребна на полицијата за да може полициските службеници кои извршуваат оперативни работи, да имаат на располагање корисни, релевантни и навремени информации. Затоа криминалистичката анализа треба да биде интегрален дел на секоја полициска организација за да го насочува полицискиот службеник во извршувањето на секојдневните задачи на терен.

За разлика од останатите делови од прашалникот, испитаниците во најголем дел не одговорија.

Кои се причините за ваквиот однос кон овие прашања, можеме само да претпоставуваме, но одредени индиции добиени од испитаниците кои одговорија на прашањата е дека анализата засега не функционира на задоволително ниво и нејзината работа не е пошироко позната во полициската организација. Затоа добиените резултати не можеа да се обработат поцелосно и да се извлечат генерализирани заклучоци.

Но, и покрај тоа, истражувањето ја потврди хипотезата дека имплементирањето на моделот полициска работа со заедницата ќе се одвива отежнато поради непостоење на капацитети во полицијата за аналитичко работење.[94]

[93] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.
[94] Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.

ЗАКЛУЧОК

Воспоставувањето на независен и ефективен систем за контрола врз работата на полицијата е од фундаментално значење за операциите на демократска и отчетна полициска служба. Истото е од значење и поради податокот дека постоењето независен механизам кој ќе постапува по претставки за работата на полицијата, ќе ја поттикне јавната доверба во работата на полицијата.

Генерално, полицијата како орган на државната управа за својата работа одговара пред државата, но во државите со демократски капацитет таа не одговара само пред државата, туку и пред граѓаните и нивните легитимно избрани претставници. Ваквиот пристап е насочен кон продлабочување и развивање заемен однос на соработка меѓу полицијата и јавноста. Прашањето за независна контрола врз полицијата е од извонредно значење за сите демократски држави, но и за сите држави кои се во процес на демократизација на институциите, а пред сè, на органите надлежни за спроведување на законот. Прашањето треба да се анализира низ призмата на тоа како да се направи полицијата да биде одговорна пред заедницата на која ѝ служи, а воедно да се биде внимателен да не се создаде каква било форма на политички притисок врз работата на полицијата со што ќе се намали нејзиниот легитимитет пред различни заедници во општеството, при примената на законот. Вака поставеното прашање го прави особено сложено, пред сè, потребата од ваквото тело, но и соодветното позиционирање на истото, со што во поголем степен ќе биде препознатлива независноста од можни политички влијанија.

Полицијата која што тежнее кон демократизација, треба и мора да биде препознатлива по принципот на владеење на правото, почитување и заштита на човековите права и нејзината сервисна ориентираност. Потребата од воспоставен систем за наворешна контрола треба да се анализира токму и како последица на доследност во постапувањето на полицијата согласно наведените принципи.

Раководството на полицијата треба да тежнее кон нулта толеранција за секоја злоупотреба во полициските редови, затоа што секоја повреда и пречекорување на овластувањата од страна на поединец или на една служба влијае врз кредибилитетот и капацитетот на полицијата како служба.

Криминалитетот го обележуваат две битни карактеристики и тоа: неговата индивидуалност (кривичното дело и неговиот извршител) како и вкупноста на таквите поединечни појави на одреден простор во одредено време, со кое се карактеризира неговата масовност. Исто така, криминалитетот како социолошки феномен има свој негативен карактер, од што се имплицира задолжителна реакција на заедницата низ правосудниот систем, со што му се придава социолошка димензија. Новото современо време носи повеќе облици на криминалитет, односно модифицирање на постојните криминални дејствија. Такви се: организираниот криминал, професионалниот криминал, концептот на криминал „белата јака“, насилство кај организираниот криминал, перење на пари, борбата против трговијата со дрога и прекурсори, трговија со луѓе, екотероризам и други. Во мојот магистерски труд, јас ги потврдувам хипотезите, односно главната хипотеза и помошните хипотези.

Во истражувањето тргнавме од претпоставката дека улогата на полицијата во превенција на криминалитетот базирана на заедницата и нејзина поставеност е доста значајна, а потоа реактивното и проактивно полициско работење и превенција на криминалитетот имаат голема улога во целосната работа на полицијата во нашата држава затоа може да кажеме според моите добиени податоци дека главната хипотеза се потврдува, односно улогата на полицијата е доста голема и значајна, а исто така и реактивното и проактивното полициско работење и превенцијата на криминалот во нашата земја имаат голема улога во целосното работење од страна на полицијата. Во врска со помошните хипотези може да кажеме и тие дека се потврдени од самите добиени податоци во магистерскиот труд.

- Се потврдува дека меѓу полицијата и цивилите во нашето опкружување се среќаваат различни видови криминалитет;
- Се потврдува дека испитаниците им даваат предност на превентивните мерки, во однос на репресивните, при решавање на проблемот на лицата кои сториле кривично дело;
- Се потврдува дека сите лица кои сториле кривично дело се опасна социјална појава;
- Се потврдува дека нашето општество не обрнува доволно внимание на лицата кои предизвикуваат некаков вид криминал и не се преземаат соодветни мерки за негово спречување;
- Се потврдува дека испитаниците произнесоа разни предлози на мерки за спречување на криминалитет и извршување на кривични дела;

Може исто така да наведам и дека криминалот, нарушувањето на јавниот ред и мир и стравот од криминал се основните загрозувачи на безбедноста во заедницата и главни „грижи“ на локалната заедница која сè повеќе издвојува време, пари и човечки ресурси за нивно сузбивање и спречување.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Азески, Д. Миграцијата кон Скопје го уништува животот во главниот град, 22 јуни 2012, достапно на www.kapital.mk/mk/makedonija/85581/migracijata_kon_skopje_go_unishtuva_zhivotot_vo_glavniot_grad.aspx
2. Арнаудовски, Љ. (2007). Криминологија, 2-ри Август, Штип.
3. Батиќ, Д. (2013). Извештај од истражувањето Градење превентивна политика на малолетничкото престапништво, Државен совет за превенција на малолетничкото престапништво, Скопје.
4. Бачановиќ, О., Батиќ, Д., Мирчева, С. Стојковска, В.& Просароска, Ж. (2010). Прирачник за полициско постапување со деца, Факултет за безбедност, Скопје.

5. Beasley, R. & Antunes, G. (1974). The Etiology of Urban Crime: An Ecological Analysis, Criminology. Vol. 11 No. 4.
6. Bennett, T., Holloway, K., Farrington, D. (2008). Effectiveness of Neighborhood watch in reducing crime, Swedish National Council for Crime Prevention, Stockholm.
7. Braga, Anthony A. & Kennedy, J. (2008). Police Enforcement Strategies to prevent crime in Hot Spot Areas, Crime Prevention Research Review, U.S. Department of Justice, Ofice of Community Oriented Policing Services, DWI Resource Center, стр.24.
8. Braga, Anthony A. (2002). Problem-oriented policing and crime prevention, Criminal Justice Press Monsey, New York, U.S.A.
9. Brantingham, P. & Patricia Brantingham, (2008), Crime pattern theory, во Richard Wortley, Lorraine Mazerolle-Editor, Environmental Criminology and Crime Analysis, Willan Publishing.
10. Brantingham, P. L., Glässer, U., Kinney, B., Singh, K., & Vajihollahi, M. (2005). Modelling urban crime patterns: Viewing multi-agent systems as abstract state machines. In Abstract State Machines (стр. 101–118).
11. Bayley, David. 2008. The police and political development in Europe
12. Bayley, H. David. Christine, Nixon. 2010. New perspectives in policing The changing environment fo r policing 1985 – 2008. Harvard Kennedy School
13. Bowling, Ben. Foster, Janet. 2002. Policing and the police. The Oxford Handbook o f criminology. Oxford University Press
14. Brogden, Michael. Jefferson, Tony. Walklate, Sandra. 1988. Introducin police work. London: Unwin
15. Buzan, Barry. 1991. People, state and fear. An agenda fo r internationa security studies in the post – cold war era (second edition).Colorado: Lynne Reinner Publishers
16. Cope, N. Interpretation for action: definition and potential of crime analysis for policing, во Handbook of policing, стр. 442-445.
17. Chan. Janet. 1996. Changing police culture. British Journal of Criminology.134

18. 1 Craen, Van Maarten. Skogan, G. Wesley. 2014. Trust in the Belgian police: The importance o f responsiveness. European Journal o f Criminology : 1-22
19. Cordner, G. (2010). Reducing Fear of Crime, Strategies for police, US Department of Justice, office of community oriented policing services.
20. Cordner, Gary W., (1995). Community Policing: Elements And Effects, Police Forum, Volume 5 Number 3, Alpha Enterprises, стр. 1–6.
21. Crawford, A. (2007). Comparative models of crime prevention and delivery: their genesis, influence and development, CRIMPREV Assessing Deviance N.16, Crime and Prevention in Europe, Camping Design, EU.
22. Димитрова, Ј. (2012). Сиромаштијата – најцрното лице на кризата, Европски универзитет, Скопје.
23. Дојчиновска, Р. (2013). Основи на превентивно полициско работење, Отсек за превенција и ПСОН – СВР Скопје.
24. Davies, Byron. April 2008. Police Report. Justice, Freedom & Security
25. Denham, Tara. 2008. Police reform and gender. Gender and SSR Toolkit. DCAF, OSCE/ODIHR, UN INSSTRAW
26. Ekblom, P. (1994). Proximal circumstances: a mechanism-based classification of crime prevention, Crime prevention studies, Vol.2, стр. 185–232.
27. Emil at al. (1980). Crime Analysis, A Selected Bibliography, US, National Department of Justice.
28. Ефтимовски, Д. (2008). Животниот стандард и квалитетот на живот на луѓето – теоретски аспекти и основни мерила, Ревија за социјална политика, год. 1 бр. 2, Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, стр. 101–123.
29. Evans, K. (2011). Crime Prevention, SAGE Publication.
30. Fairlie John A., (1901). Police Administration, Political Science Quarterly, Vol. 16, No. 1 (Mar., 1901), стр. 1-23.
31. Farrell Graham, Crime Prevention, in C.D. Bryant (Ed.) October 2000 Encyclopedia of Criminology and Deviant Behavior, Taylor and Francis.
32. Fridell Lorie и Mary Ann Wycoff, (2004). Community Policing: The Past, Present, and Future, Police Executive Research Forum.
33. Goldstein, H. (1979). Improving Policing: A Problem-Oriented Approach, Crime & Delinquency, April 1979, стр. 236-243.

34. Гоци, Сандро. 2003. Европска влада. Београд: БМГ
35. Graham, Evans. Newnham, Jeffrey. 1998. Dictionary of international relations. Pinguin book
36. Groenwald, Hesta. Peake, Gordon. 2004. Police reform through Community based policing. Philosophy and Guidelines fo r Implementation. New York
37. Grimshaw, Roger. Jefferson, Tony. 1987. Interpreting police work. London: Unwin
38. Davies, Byron. April 2008. Police Report. Justice, Freedom & Security
39. De Rover, Cess. 1998. To serve and to protect. Human rights and humanitarian law for police and Security forces. Geneva: International Committee of the Red Cross
40. Дескоска Рената. "Владеење на човекот". Скопје: Политичка мисла година 4, бр.13
41. Дескоска, Рената. 2006. Конституционализмот и човековите права. Правен факултет „Јустинијан Први". Скопје
42. Druläkovä, Radka. Pos t-democracy within the EU: Internal security vs. human rights-unavoidable conflict? Paper prepared for the CEEISA 4th Convention, Tartu, 25 – 27 June 2006
43. Greene Jack R., (2000). Community Policing in America: Changing the Nature, Structure, and Function of the Police, во Policies, Processes, and Decisions of the Criminal Justice System, Criminal Justice 2000, Volume 3, U.S. Department of Justice.
44. Gregory, J. (2010). Beyond "what works" in reducing crime: the development of a municipal community safety strategies in British Columbia (dissertation in the School of Criminology, Simon Fraser University.
45. Hall, M. Wayne & Citrenbaum, G. (2010). Intelligence analysis: How to think i complex environments, Praeger security international.
46. Јованова, Н. (2011). Стравот од криминал, магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје.
47. Клековски, С., Јаковлеска, Г., Стојанова, Д. (2011). Општествена одговорност на граѓаните, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје.

48. Клековски, С., Кржаловски, А., Саздовска, С. Јаковлеска, Г. (2008). Довербата во граѓанското општество, Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје.
49. Кривокапиќ, В. (2002). Превенција криминалитета.
50. Камбовски, Владо. 2005. Правда и внатрешни работи на Европската Унија. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“
51. Камбовски Владо 2007. Надворешен надзор на органите за спроведување на законот. Анализа на меѓународни стандарди, домашното законодавство, механизми, институции и практика. Скопје
52. Камбовски, Владо. 2008. Природно правната суштина на основните човекови слободи и права. Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија. Македонска академија на науките и уметностите. Скопје
53. Кимлика, Вил. 2004. Мултикултурно граѓанство; Либерална теорија за малцинските права. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество
54. Kusow, M. Abdi, Wilson, C. Leon, Martin, E. David (1997). Determinants of citizen satisfaction with the police, the effects of residential location, Policing: An International Journal of Police strategies and management, American Journal of Police, Vol.20, Issue 4.
55. Lawrence E. Cohen and Marcus Felson, (1979), Social change and crime rate trends: A routine activity approach, American Sociological Review 1979, Vol. 44, стр. 588–608.
56. M. A. Quetelet, (1842) A Treatise on Man, and the development of his faculties, Published by William and Robert Chambers.
57. Mackenzie, S. & Henry, A. (2009). Community policing: a review of the evidence, Criminal Justice, Scottish Government Social research.
58. Manning, Petar K., (1989). Community policing, во R.G.Dunham, G.P.Alpert, Critical Issues in Policing, Contemporary readings, Waveland Press, стр. 396–397.
59. Маркоски, Б. (2004). Густината на населеност како проблем на животната средина – состојба во Република Македонија, Зборник на трудови

од 2-от Конгрес на еколозите на Македонија, 25 – 29.10.2003, Охрид, Посебни изданија на Македонското еколошко друштво, кн.6, Скопје.

60. McCold, P. (1996). Restorative Justice and the role of community, во Hudson, J. & Galaway, J. (eds.) Restorative justice: International Perspectives, Criminal Justice Press, Monsey, NY, Criminal Justice Press, USA, стр. 92–93.
61. McLaughlin Eugene, (2007) The New Policing, SAGE Publications Ltd, стр. 66.
62. Meese, E. (1993). Community policing and the police officer, Perspectives in Policing No15, US National Institute of justice.
63. Merton, Robert K. (1938), Social Structure and Anomie, American Sociological Review, Vol. 3, No. 5. стр. 672–682.
64. Мирчева, S., & Rajkovčevski, R. (2013). Policing in the Republic of Macedonia. In Handbook on Policing in Central and Eastern Europe (стр. 143–168). Springer New York.
65. Мојаноски, Ц. (2010). Работата на полицијата низ призмата на граѓаните, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2010, стр. 297–310.
66. Maguire, Mike. Morgan, Rod. Reiner, Robert. The Oxford Hadbook o f Criminology (third edition). London: oxford University press
67. Маслеша, Рамо. 2001. Теорије u системи сигурности. Магистрат, Сараево
68. Masllow, Hold, Abraham. 1982. Мотивацијата и личноста. Белград, Нолит
69. Матовски, Никола. Бужаровска, Л. Гордана. Калајџиев, Гордан. 2011. Казнено процесно право (второ изменето и дополнето издание). Скопје: Академик
70. Mesko, Gorazd, Fields, B. Charles.Lobnikar, Branko. Sotlar, Andrej. 2013. Handbook on policing in Central and Eastern Europe. New York: Springer Science
71. Милетић, Слободан. 2003. Полицијско право. Београд: INPRESS
72. Милосављевиќ, Богољуб. 1985 Наука о полицији. Београд: Просвета

73. Mirčeva, Stojanka. Rajkovčevski, Rade. 2013. Policing in the Republic of Macedonia. Handbook on policing in Central and Eastern Europe. Springer.Science.New York
74. Никач, Ж. (2009). Полиција у заједници, друго издање, Криминалистичко-полицијска академија, Београд.
75. Николиќ-Ристановиќ, В. Константиновиќ-Вилиќ, С. (2002). Криминологија, Правни факултет, Ниш.
76. Nicholl, Caroline G (1999).Community Policing, Community Justice, and Restorative Justice: Exploring the Links for the Delivery of a Balanced Approach to Public Safety, Washington, DC: U.S. Department of Justice, Office of Community Oriented Policing Services.
77. Пејковски, Ј. Мајовска, И. Социјалната сигурност и развојот, Врамување нова социјална политика: актери, димензии и реформи, Институт за социјална работа и социјална политика, Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје.
78. Richard Wortley, Lorraine Mazerolle, Environmental criminology and crime analysis: situating the theory, analytic approach and application.
79. Robert J. Bursik, Jr. Harold G. Grasmick, (1993), Economic Deprivation and Neighborhood Crime Rates, Law & Society Review, Volume 27, Number 2, The Law and Society Association, стр. 264–265.
80. Река, Блерим. Ибрахими, Арта . 2004. Европски студии — Европски идентитет, историјата и интеграциите, институциите, и правото на Европската Унија. Тетово: Југоисточно европски универзитет
81. Ринше, Гинтер. 2005. Локалната политика како дејствувачка сила на европската интеграција. Скопје: Политичка мисла година, бр.9
82. Rowe, Michael. 2 0 0 8 . Introduction to policing. London:SAGE Publ
83. Roberts, V. Julian (2007). Public Opinion and crime prevention: A review of International Findings, IPC Review, Vol. 1, стр. 193-218.
84. Ronald, C. (1989). Theoretical background to crime prevention through environmental design and situational prevention во Designing Out Crime: The Conference Papers. Canberra, Australia: Australian Institute of Criminology.
85. Seagrave, Jayne (1996). Defining Community Policing, American Journal of Police, Vol. XV, No. 2 1996.

86. Савески, З., Садику, А. И Василев, К. (2013). Богатството и сиромаштијата во Македонија 2008 – 2012, Левичарско движење СОЛИДАРНОСТ, Скопје
87. Стојановски Трпе,(2006). Полициска етика и деонтологија, 2-ри Август С – Штип, Скопје
88. Stojanovski Trpe,(2007). Macedonia As A Leader In The South-East Europe's Cooperation In The Fight Against Organised Crime, во Едицијата: Understanding And Responding To Terrorism, IOS Press
89. Sherman Lawrence W (1995). Hot spots of crime and criminal careers of places. Crime and place, 4, стр. 35-52.
90. Sherman Lawrence W., et al. (1997). Preventing Crime: What Works, What Doesn't, What's Promising. Report to the U.S. Congress. Washington, D.C.: U.S. Dept. of Justice.
91. Shibata, S., Hanyu, K., Asakawa, T., Shimada, T. & Omata, K. (2011). Peoples Crime Perception and attitude toward Community Crime Prevention Activities in Japan, Journal of Asian Behavioral Studies, Vo. 1, N0.2, May, 2011. стр. 21-31.
92. Skogan, Wesley G. (1994). Partnerships for prevention? Some obstacles to police-community cooperation, presented at the 22nd crop wood roundtable conferenc preventing Crime and Disorder: Targeting Strategies and Community Responsibilities. Cambridge University (UK), 14-16 September 1994.
93. Skogan, Wesley G. at al. (1999). On the Beat: Police and Community Problem Solving, Westview Press.
94. Стефановска, В. (2010). Peacemaking (миротворна) криминологија: реалност или заблуда", Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, стр. 273–281.
95. Squires, P. (1997). Criminology and the 'community safety' paradigm: safety, power and success and the limits of the local, The British Criminology Conferences: Selected Proceedings. Volume 2, The British Society of Criminology.
96. Squires, P. (2006). Community Safety: Critical Perspectives on Policy and Practice edited by, Policy press, UK, стр.125–126.

97. Trojanowicz, C. Robert & Pollard, B. (1986). Community Policing: the Line Officers Perspective, The National Center for Community Policing, Michigan State University.

98. Тасева, Слаѓана. 2007. Демократски надзор на национално и меѓународно ниво (излагање на меѓународна конференција). Годишник на Полициската академија, Скопје pp. 412–418

99. Taylor, Mark. 2002. Police practice and human rights-A European introduction —A reference brochure. Skopje: Ministry of internal affairs

100. Tyler, R. Tom. 2011. Trust and legitimacy: Policing in the USA and Europe. European Journal o f Criminology 8: 254 - 266

101. Tyler, R. Tom. 2009. Legitimacy and Criminal Justice: The beenfits o f self regulation. Ohio State Journal o f Criminal Law 7: 307–359

102. Terpstra, Jan. Schaap, Dorian. 2013. Police culture, stress conditions and working styles. European Journal o f Criminology 10: 59–73

103. Tilling, V. Matthew. Refinements to Legitimacy Theory in Social and Environmental Accounting. Flinders University, South Australia

104. Therborn, Göran. 1995. European modernity and beyond. The Trajectory of European Societies 1945-2000. SAGE Publications. London

105. Trojanowicz, Robert C., (1990). Community Policing is not Police Community Relations, FBI Law Enforcement Bulletin, 1990.

106. Van Dijk Jan & Waard Jaap (1991). A two – dimensional Typology of Crime Prevention Projects, Typology of crime prevention projects, Journal of Criminal Justice, стр. 483–503.

107. Van Dijk, J. J. M. (1991). More than a matter of security: Trends in crime prevention in Europe во F. Heidensohn, & M. Farrell (Eds.), Crime in Europe. (pp. 27-42). London: Routledge.

108. Weisburd David & John e. Eck, What Can Police Do to Reduce Crime, Disorder, and Fear? The Annals of the American Academy of Political and Social Science (Impact Factor: 1.01). 01/2004.

109. Yuksel, Y.& Tepe, F. (2013). Citizen satisfaction with police and community policing, European Scientific Journal, Vol.9, No14.

110. Фуко, М (2007). Другоста на просторот (1967), хетеротопии, во Иван Џепаровски, Аспекти на другоста, Евро Балкан Прес, стр. 35–37.

Извештаи, документи

1. Анализа на состојбите со малолетничката деликвенција во 2013 година, 5.3.2014 достапно на www.moi.gov.mk
2. Аналитички извештај од областа на ЈРМ за 2013 година, МВР, 5.3.2014, достапно на www.moi.gov.mk
3. Стратегиски документ, Реформа на Македонската полиција, (2003), Канцеларија на ЕУ – Скопје и МВР на Р.М.
4. Council decision of 28 May 2001 setting up a European crime prevention network
5. Crime prevention through environmental design, Guidebook, (2003). National Crime Prevention Council, Singapore
6. Compendium of United Nations standards and norms in crime prevention and criminal justice, (2006) UNODC
7. Guidelines for the Prevention of Crime, Economic and Social Council resolution 2002/13
8. International Report on crime prevention and community safety: trends and perspectives, 2012, International center for prevention of crime, Montreal
9. Извештај за работата на Одделението за превенција на СВР Скопје за 2009 година, 30.1.2010 година
10. Истражување за ставовите на градоначалниците за полициските активности и соработката меѓу локалната полиција и општината, 2011, ОБСЕ и ЗЕЛС.
11. Истражување за ставовите на градоначалниците за полициските активности и соработката меѓу локалната полиција и општината, 2011, ОБСЕ и ЗЕЛС.
12. Наративен извештај, Истражување за полициското работење со заедницата, октомври, 2010 година, ОБСЕ во соработка со МВР.